European Commission against Racism and Intolerance
Commission européenne contre le racisme et l'intolérance

CRI(2010)19
Version macédonienne
Macedonian version

ИЗВЕШТАЈ ЗА „ПОРАНЕШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"

(четврт круг на мониторинг)

Усвоен на 28 Април 2010 година

Објавен на 15 Јуни 2010 година

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

ECRI Secretariat
Directorate General of Human Rights and Legal Affairs
Council of Europe
F-67075 STRASBOURG Cedex
Tel.: + 33 (0) 388 41 29 64
Fax: + 33 (0) 388 41 39 87
E-Mail: combat.racism@coe.int

www.coe.int/ecri

ИЗВЕШТАЈ ЗА „ПОРАНЕШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”
(четврт круг на мониторинг)

Усвоен на 28 Април 2010 година

Објавен на 15 Јуни 2010 година

Ве молиме имајте предвид дека овој документ е превод.
Во случај на сомневање, се упатува да се погледнат оригиналните верзии на англиски и француски јазик.

Содржина

ПРЕДГОВОР **7**

РЕЗИМЕ **9**

НАОДИ И ПРЕПОРАКИ **13**

I. ПОСТОЕЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ **13**

Меѓународни правни инструменти 13

Уставни одредби и други основни одредби 13

Закон за државјанство 14

Кривично-правни одредби за борба против расизмот и расната дискриминација 15

Одредби од граѓанското и управното право за борба против расизмот и расната дискриминација 17

Обука на судии и јавни обвинители 19

Анти-дискриминаторни органи 19

II. ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ **21**

Образование 21

Вработување 26

Домување 27

Здравствено осигурување 28

Пристап до правдата 29

III. РАСИСТИЧКО НАСИЛСТВО **29**

IV. РАСИЗМОТ ВО ЈАВНИОТ ЖИВОТ **30**

Предводници на јавното мислење и медиумите 30

Интернет 32

V. МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ **32**

VI. РАНЛИВИ/ЦЕЛНИ ГРУПИ **35**

Ромите 35

Турците 38

Верски малцинства 38

Бегалци, баратели на азил и внатрешно раселени лица 39

VII. ОДНЕСУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ЗАДОЛЖЕНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ **40**

VIII. СЛЕДЕЊЕ НА РАСИЗМОТ И РАСНАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ТОЛЕРАНЦИЈАТА И СОРАБОТКАТА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР **43**

Следење на расизмот и расната дискриминација 43

Подигање на свеста и образованието за основните права и толеранцијата и соработката со невладиниот сектор 44

ПРЕОДНИ ПРЕПОРАКИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ **47**

БИБЛИОГРАФИЈА **49**

ПРЕДГОВОР

Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН) е основана од Советот на Европа. Таа е независно тело за набљудување на човековите права кое е специјализирано за прашања поврзани со расизмот и нетолеранцијата. Составена е од независни и непристрасни членови кои се именувани врз основа на нивниот морален авторитет и призната експертиза во справувањето со расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата.

Во рамки на своите статутарни активности, ЕКРН спроведува мониторинг одделно за секоја земја, преку кој ја анализира ситуацијата во однос на расизмот и нетолеранцијата во секоја од државите членки на Советот на Европа и дава сугестии и предлози за тоа како да се разрешат идентификуваните проблеми.

Индивидуалниот приод на ЕКРН во набљудувањето ги опфаќа сите држави членки на Советот на Европа, поаѓајќи при тоа од еднаква основа. Активностите се одвиваат во 5 годишни циклуси, опфаќајќи 9/10 земји годишно. Извештаите од првиот циклус односно круг активности беа завршени кон крајот на 1998 година, а тие од вториот круг кон крајот на 2002 година, додека активностите од третиот круг беа завршени кон крајот на 2007 година. Работата на извештаите од четвртиот круг започна во јануари 2008 година.

Методите на работа користени при изготвување на извештаите вклучуваат анализа на документиран материјал, посета на засегнатата земја и доверлив дијалог со националните власти.

Извештаите на ЕКРН не претставуваат резултат на испрашувања или сведоштва. Тие претставуваат анализи кои, во голема мера, се засновани врз податоци прибрани од мноштво различни извори. Проучувањата на документираниот материјал се базираат врз значаен број национални и меѓународни пишани извори. Посетата на лице место овозможува директни средби со засегнатите субјекти (владини и невладини) со цел прибирање на детални податоци. Процесот на доверлив дијалог со националните власти овозможува тие да предложат, доколку сметаат за неопходно, одредени измени на нацрт извештајот со цел да се исправат какви било фактички грешки што извештајот може да ги содржи. На крајот од дијалогот, националните власти можат, доколку сакаат, да побараат нивните ставови и согледувања да бидат приложени кон конечниот извештај на ЕКРН.

Извештаите од четвртиот круг се фокусираат на имплементацијата и евалуација. Преку нив се испитува дали се следени и спроведени основните препораки содржани во претходните извештаи на ЕКР, а вклучуваат и оценка на усвоените политики и мерки. Во овие извештаите исто така е содржана и анализа на развојот во засегната земја.

За голем број посебни препораки, кои се избрани од листата на препораки содржани во новиот извештај од четвртиот круг, се бара нивна приоритетна имплементација односно спроведување. Во рок не подолг од две години по објавувањето на овој извештај, ЕКРН ќе спроведе процес на преодно следење на остварувањето на овие посебни препораки

ЕКРН го изготви следниов извештај под сопствена и целосна одговорност. Тој ја опфаќа ситуацијата заклучно со 18 декември 2009 година и сите настани по оваа дата не се опфатени со анализата што следи, ниту се земени предвид во заклучоците и предлозите на ЕКРН.

РЕЗИМЕ

Од објавувањето на третиот извештај на ЕКРН за „поранешната југословенска Република Македонија“ на 15 февруари 2005 година, постигнат е напредок во голем број на области кои се опфатени со овој извештај.

„Поранешната југословенска Република Македонија“ ја ратификуваше Европската социјална повелба и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерскиот криминал во врска со криминализацијата на дела од расистичка и ксенофобична природа сторени по пат на компјутерски систем. Со Кривичниот законик сега се предвидува дека при изрекувањето на казната кривичниот суд, онаму каде што тоа е применливо, особено ќе земе во предвид дали делото е сторено од расистичка побуда; предлог законот за заштита од дискриминацијата е во постапка за донесување и обуката што ја спроведува Академијата за обука на судии и јавни обвинители основана во 2006 година вклучува модули за основните човекови права и борба против дискриминацијата. Во оваа сфера зајакната е и обуката на полицијата.

Положбата на Народниот правобранител, во чија надлежност спаѓа обезбедувањето органите на јавната власт да го почитуваат начелото на недискриминација, е зајакната во рамки на институционалниот систем во земјата и неговата соработката со органите на управата е подобрена.

Во 2004 година беа усвоени законски измени и дополнувања, со што се овозможи стекнување на државјанство на лица државјани на другите републики на поранешната СФРЈ и на државјаните на поранешната СФРЈ, а кои лица престојувале во земјата на 8 септември 1991 година. Постигнат е напредок во решавањето на проблемот со пристап до лични документи со кој проблем посебно се соочуваат припадниците на ромската заедница.

Учеството на земјата во иницијативата „Декада на вклучување на Ромите 2005-2015“, и во таа смисла изготвувањето на национална стратегија и акциски планови ја покажуваат волјата на властите да преземат активности за подобрување на општествената и економската состојбата на ромското малцинство. Особено можноста жените Ромки кои немаат здравствено осигурување сепак да користат бесплатен пород и пред и пост-натална здравствена заштита несомнено придонесува за подобрување на состојбата со здравјето на ова група од населението и во таа смисла за поздравување е воведувањето на општа шема за осигурување.

Очигледно властите стриктно го почитуваат начелото на неврaќање и го исполнија своето ветување дека нема да спроведуваат присилни враќања на Косово сè додека не може да се гарантира безбедноста и достоинството на засегнатите лица. Прашањето на 95% од внатрешно раселените лица по настаните во 2001 година исто така е решено.

Конечно, застапеноста на малцинствата во јавниот сектор во целина земено е подобрена, особено кај органите надлежни за спроведување на законот.

ЕКРН го поздравува позитивниот развој во „поранешната југословенска Република Македонија“. И покрај постигнатиот напредок, сепак одредени прашања сè уште предизвикуваат загриженост.

„Поранешната југословенска Република Македонија“ сè уште не потпишала или не ратификувала одредени меѓународни договори за кои ЕКРН смета дека се од особено значење, како што е Европската повелба за регионалните и малцинските јазици. Што се однесува до домашното право, сè уште постојат значителни слабости во законските прописи кои се однесуваат на еднаквоста и борбата

против расизмот и дискриминацијата, кои закони многу ретко се применуваат од страна на судовите, и како што беше искажано за време на изготвувањето на овој извештај, предлог законот за борба против дискриминацијата покрена гневни критики. Исто така не постои специјализирано тело или орган надлежно за борба против расизмот и дискриминацијата што ги исполнува критериумите предвиден во Општите препораки на ЕКРН Бр. 2 и 7. Сè уште не е целосно разрешено прашањето за обезбедување пристап до соодветни правнички преводи и толкување во постапките во рамки на правосудниот систем како право на припадниците кои не припаѓаат на мнозинското население.

Постои голема поделеност по етника основа во училишниот систем, наставните материјали и методи не се соодветни и се смета дека наставата на јазиците различни од македонскиот е недоволна и има слаб квалитет; високите стапки на напуштање и отсуствување од училиштето кај римските деца се особено загрижувачки, како и нивната преголема застапеност во образовните установи наменети за деца со пречки во развојот.

Како што состојбата на Ромите во образованието е причина за загриженост, истото се однесува и на нивната состојба во областите на вработување, домување и здравствена заштита, а исто така загрижува и недостигот на средства потребни за спроведување на мерките поврзани со учеството на земјата во „Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015". Состојбата на жените Ромки, кои се изложени на ризик од двојна дискриминација и прашањето на децата кои се оставени на улиците, при што повеќето од нив доаѓаат од ромски семејства, се исто така многу загрижувачки.

Според невладини извори, се почести се изразувањата на меѓуетничка нетолеранција, и сè уште е проблематично ширењето на стереотипи и инциденти на етничко непријателство. Сè уште е присутна поделбата на медиумите според етничка основа и етничко обоеното известување за настаните.

Општо земено, земјата сè уште е силно поделена според етничка основа и се чини дека јазот не е намален од објавувањето на третиот извештај; односите помеѓу мнозинското население и албанското малцинство не се помалку тензични иако се известува за помал број на судир меѓу поединци. Потребно е да се направи значителен напредок и да се разгледа состојбата на другите малцинските заедници различни од албанското малцинство и да се гарантира еднаков третман за сите во сите области од животот.

Се продолжува со поднесувањето на извештаи за случаите на лошо постапување од страна на полицијата и полициското дејствување кое потенцијално се заснова на етнички предрасуди и тоа првенствено се однесува на Ромите, и сè уште не постои целосно независен, непристрасен и делотворен механизам за спроведување на истраги за овие случаи

Конечно, сè уште пости потреба од воспоставување на систем за сеопфатно собирање на статистички податоци со што ќе се овозможи оценка на ситуацијата во земјата во поглед на расизмот и дискриминацијата, а јавноста има многу мали познавања за овие прашања.

Во овој извештај, ЕКРН препорачува властите на „поранешната југословенска Република Македонија“ да преземат активности во голем број на области; дадени е серија на препораки, меѓу кои и следниве:

ЕКРН препорачува властите да ратификуваат бројни меѓународни инструменти, да ја ревидираат формулацијата на член 9 од Уставот и да продолжат да ги консолидираат кривично-правните одредби за расизмот и нетолеранцијата.

ЕКРН ги охрабрува властите да го продолжат законодавниот процес кој е во тек со цел да се усвои сеопфатен закон за заштита од дискриминацијата, кој ќе им

обезбеди на жртвите највисок степен на заштита и во оваа смисла силно препорачува да се има во предвид нејзината Општа препорака Бр. 7 за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација и нејзината Општа препорака Бр. 2 за специјализираните тела за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на национално ниво.*

ЕКРН силно препорачува властите да формираат специјализирано тело или орган за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата, кое ќе ги исполнува критериумите утврдени во нејзините Општи препораки Бр. 2 и Бр. 7.

ЕКРН ги поттикнува властите да се зафатат со третирање на прашањето за етничката сегрегација односно подвојување во училишниот систем. Во оваа смисла, ги повторува своите препораки за јакнење на повеќејазичната настава на сите нивоа на образованиот систем, како и утврдување и имплементирање на свесни политики за развој на заеднички наставни програми и вон-наставни активности со кои ќе се унапредуваат контактите, мешањето и интеракцијата помеѓу децата кои имаат различно јазично и етичко потекло. Исто така, препорачува да се негуваат и усовршуваат педагошките методи со кои се промовира критичко мислење кај учениците и средствата со кои тие ќе можат да ги идентификуваат и да реагираат на стереотипите, предрасудите и нетолеранцијата.

ЕКРН ги поттикнува властите да стават крај на практиката на несоодветно испраќање на ромските деца во образовни институции за ученици со пречки во развојот, да ги идентификуваат засегнатите деца и нив повторно да ги интегрираат во главните токови на образованието и да воведат систем кој ќе гарантира дека исклучиво деца кои имаат ментални пречки ќе се воведат во специјалниот образовен сектор.* Исто така, препорачува властите одлучно да се справат со проблемот на децата оставени на улицата Општо земено, ЕКРН ја повторува својата препорака властите да преземат посебни мерки за подобрување на состојбата на Ромите во областа на образованието, како и во областа на вработувањето, домувањето и здравствената заштита и силно препорачува властите да обезбедат финансиски средства потребни за спроведување на националните акциски планови усвоени во контекст на учеството на земјата во „Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015“.

ЕКРН препорачува властите, преку своите највисоки претставници, систематски и јавно да се оградуваат, користејќи најстроги зборови, од какви било изрази на нетолеранција дадени од страна на предводниците на јавното мислење и медиумските личности и дека тие ќе иницираат или покренат постапка во случај кога забелешките дадените по однос на одредено прашање можат да се квалификуваат како говор на омразата и потпаѓаат под опфатот на кривичниот закон. ЕКРН препорачува властите да ги соберат заедно претставниците на медиумите и претставниците на граѓанското општество на едно место за да ја разгледаат состојбата во поглед на пропагирањето на стереотипи во медиумите и можната улога што тие ја имаат во негувањето на нетолеранцијата, како и да определат мерки што ќе се преземат за подигање на свеста меѓу професионалните кругови во медиумите за прашањето за дискриминација и да ја зајакнат примената на релевантните одредби од Кодексот на етика.

ЕКРН силно препорачува властите да го сметаат подобрувањето на меѓуетничките односи за сеопфатна цел, која постојано треба да се има во предвид при изготвување и спроведување на политиките.

* Оваа препорака ќе биде опфатена со процесот на преодно разгледување од страна на ЕКРН што ќе се спроведе во период не подолг од две години од објавувањето на овој извештај.

ЕКРН препорачува властите да ги продолжат напорите за ставање крај на инцидентите на лошо постапување и малтретирање од страна полицијата и посебно им препорачува на властите да воспостават целосно независен, непристрасен и делотворен механизам за истрага, посветувајќи особено внимание на инцидентите кои потенцијално се засноваат на етнички предрасуди. Исто така, ЕКРН ги поттикнува властите јавно и недвосмислено да ги осудат сите облици на расистичко однесување или дискриминација од страна на припадниците на полицијата и јавно и на највисоко ниво да изјават дека таквите манифестации нема да се толерираат и дека ќе бидат казнети, по темелна истрага која ќе биде спроведена без одлагање.

ЕКРН ја повторува својата препорака властите да воспостават сеопфатен и конзистентен систем за собирање на податоци, на кој начин ќе може да се оцени состојбата на различните малцински групи во различни области од животот и ќе може да се определи степенот на манифестација односно изразување на расизмот и директната и индиректната дискриминација; исто така препорачува властите да го унапредат системот на собирање статистички податоци за примената на кривично-правните одредби за борба против расизмот

ЕКРН препорачува властите да изготват и да спроведуваат, во тесна соработка со граѓанското општество, национална стратегија за борба против расизмот и нетолеранцијата на долгорочен план, во која ќе бидат вклучени и далекосежни кампањи за информирање и јакнење на свеста на јавноста.[*]

[*] Препораките содржани во овој дел ќе подлежат на процесот на преодно разгледување во период не подолг од две години од денот на објавување на овој извештај.

НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

I. Постоење и имплементација на законските одредби

Меѓународни правни инструменти

1. Согласно препораката на ЕКРН дадена во третиот извештај „поранешната југословенска Република Македонија“ ја ратификуваше Европската социјална повелба на 1 март 2005 година и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерскиот криминал во врска со криминализацијата на дела од расистичка и ксенофобична природа сторени по пат на компјутерски систем на 14 ноември 2005 година; таа исто така ја потпиша и ревидираната Европска социјална повелба на 27 мај 2009 година и ја повлече резервата ставена на Европската конвенција за државјанство, со која резерва таа го задржа правото да ја определи должината на периодот на престој кој треба да се наврши пред лицето да може да поднесе барање за натурализација односно природување и тоа во траење од петнаесет години, иако Конвенцијата предвидува максимум десет години.[1] ЕКРН го поздравува ваквиот развој. Исто така, ЕКРН ја нотира изјавата на властите дека е постигнат значителен напредок во насока на ратификација на Европската повелба за регионални и малцински јазици. Сепак забележува дека „поранешната југословенска Република Македонија“ сè уште не ја потпишала Конвенцијата за учество на странците во јавниот живот на локално ниво, ниту Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите сезонски работници.

2. ЕКРН ја повторува својата препорака „поранешната југословенска Република Македонија“ да ги ратификува ревидираната Европска социјална повелба и Европската повелба за регионалните и малцинските јазици, како и да ги потпише и да ги ратификува Конвенцијата за учество на странците во јавниот живот на локално ниво и Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите сезонски работници.

Уставни одредби и други основни одредби

3. Член 9 од Уставот го предвидува начелото на еднаквост, при што се гарантира дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во нивните слободи и права независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, сопственоста и општествениот статус“ и „сите граѓани се еднакви ред Уставот и законот.“ Понатаму, како што е тоа случај со ратификуваните меѓународни конвенции, Протоколот 12 кон Европската конвенција за човекови права, кој предвидува општа забрана за дискриминација, е директно применлив и има примат над националното право.

4. ЕКРН забележува дека член 9 од Уставот ја гарантира еднаквоста на „граѓаните“ која се чини дека ги исклучува лицата кои не се граѓани односно државјани од опфатот на ова начело. Тргнувајќи од својата Општата препорака бр. 7 која се однесува на националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација, ЕКРН смета дека оваа одредба треба да се преформулира на начин што недвосмислено ќе го гарантира начелото на еднаквост пред законот како на граѓаните, така и за лицата кои не се граѓани. ЕКРН понатаму забележува дека иако уставните одредби се директно применливи, не постои постапка по основ на дискриминација во која некој успеал успешно да се повика на член 9

[1] Оваа резерва, која беше внесена во инструментот за ратификација кој беше депониран на 3 јуни 2003 година, беше повлечена во декември 2004 година.

(како што веќе беше забележано во третиот извештај), ниту пак се повикал на Протоколот 12 кон Европската конвенција за човекови права.

5. ЕКРН препорачува властите да ја преформулираат одредбата содржана во член 9 од Уставот на начин што недвосмислено ќе го гарантира начелото на еднаквост пред законот како на лицата кои не се државјани, така и за лицата кои се државјани.

6. ЕКРН препорачува властите да ги идентификуваат причините зошто во случаите на дискриминација досега никој успешно не се повикал на член 9 од Уставот, а доколку е возможно и на Протоколот 12 кон Европската конвенција за човекови права, и таму каде е тоа соодветно да се преземат соодветни мерки за отстранување на потешкотиите во поглед на повикувањето на овие одредби во судските постапки.

Закон за државјанство

7. Во својот втор и трет извештај, ЕКРН изрази загриженост поради фактот што одреден број етнички Албанци и Роми кои се постојано населени на територијата на земјата, немаат државјанство. Сепак, беше забележано дека во 2004 година беа усвоени измени и дополнувања на Законот за државјанство, во кој во член 14 се предвидени посебни услови за стекнување државјанство на државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и на државјаните на поранешната СФРЈ, а кои лица треба да имаат престој во земјата на 8 септември 1991 година, непрекинато да живееле во земјата до денот на поднесување на барањето за стекнување на државјанство, да имаат вистинска и ефективна врска со земјата и да го владеат македонскиот јазик[2]. За да може да се користат погодностите на овие одредби, лицата кои ги исполнуваат предвидените услови треба да поднесат барање во рок од две години од денот на влегување во сила на измените и дополнувањата на овој закон и да платат такса од 100 УСД. Сепак, ЕКРН укажува на стравот дека условот за непрекинат престој во земјата може да претставува пречка за многу лица (особено поради тежината на докажување) и дека условот за познавање на македонскиот јазик и условот да не е поведена кривична постапка против тие лица можат произволно да се толкуваат и на тој начин да ги доведе во неповолна положба лицата на кои македонскиот не им е мајчин јазик, како и дека висината на таксата може да делува ограничувачки за најсиромашните луѓе. Од тие причини, ЕКРН препорачува властите да го применуваат член 14 либерално, доколку е возможно, во однос на лицата кои долго време престојуваат во земјата, како и да обезбедат примената на таа одредба да нема дискриминаторско дејство врз која било од немнозинските заедници и да преземат соодветни чекори за информирање на оние групи кои се посебно засегнати.

8. До моментот на изготвување на овој извештај, околу 5.000 од приближно 5.500 лица кои поднеле барање по основ на гореспоменатиот член 14, се стекнале со државјанство, вклучително и одреден број лица кои немале ефективно државјанство; 160 барања се сè уште во постапка на решавање и околу 360 барања се одбиени поради тоа што лицето немало непрекинат престој (грубо земено во 60% од случаите), или поради тоа што лицето не било жител во земјата на 8 септември 1991 година (грубо земено во 30% од случаите) или лицето доволно не го познавало македонскиот јазик (грубо земено во 10% од случаите). ЕКРН ги поздравува овие напредувања, за кои смета дека се плод на заедничките напори на

[2] Дополнителен услов беше против подносителот на барањето да не била поведена кривична постапка во земјата за кривично дело со кое се загрозува безбедноста и одбраната на земјата.

властите и на голем број на организации, кои меѓу другото им помогнаа на многу лица кои имаа за тоа потреба и кои не беа изземени од законската обврска за плаќање на такса за стекнување за државјанство. Но сепак се чини дека ова прашање не е целосно решено и дека сè уште има голем број лица кои немаат ефективно државјанство, вклучително и голем процент на Роми.

9. ЕКРН исто така посочува дека во нејзиниот трет извештај беше забележано дека член 8 од Законот за државјанство (сега член 10) обезбедува поповолни услови за стекнување на државјанство по пат на природување за „лицата кои се отселиле од Република Македонија и за нивните потомци до прво колено,[3] и дека со вториот став, кој беше воведен со измените на Законот во 2004 година, се предвидува дека под поимот „иселеник во смисла на овој закон се подразбира лице кое е државјанин на Република Македонија - независно на полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотот и општествената положба, а кое се отселило од Република Македонија во друга земја, со исклучок на матичната земја од која потекнува. Нотирајќи ја загриженоста на невладините организации кои ги бранат интересите на турското малцинство во земјата дека референцата „матичната земја“ може да има дискриминаторско влијание врз лицата кои припаѓаат на ова малцинство, а кои во моментот живеат живеат и работа во Турција, ЕКРН силно им препорачува на властите на „поранешната југословенска Република Македонија“ повторно да ги разгледаат условите за стекнување на државјанство на иселениците и да осигурат дека сите иселеници ќе се третираат еднакво, независно од нивната етничка припадност. До ЕКРН не се пријавени случаи на дискриминација по основ на член 8. Сепак, ЕКРН забележува дека во 2007 година, партијата на турското малцинство поднесе предлог закон, кој закон беше одбиен, со цел елиминирање на овој услов, што покажува дека загриженоста која беше евидентирана во третиот извештај сè уште постои.

10. ЕКРН препорачува властите да ги продолжат напорите за идентификување на жителите кои сè уште немаат ефективно државјанство и во таа смисла да го уредат нивниот статус.

11. ЕКРН повторно ги поттикнува властите да обезбедат еднаков третман на сите иселеници во поглед на стекнувањето на државјанство, независно до нивната етничка припадност.

Кривично-правни одредби за борба против расизмот и расната дискриминација

12. Властите ја информираа ЕКРН дека член 39 од Кривичниот законик е изменет: со новиот став пет се предвидува дека при изрекувањето на казната кривичниот суд, онаму каде што тоа е применливо, особено ќе го земе во предвид фактот што делото било директно или индиректно мотивирано со националното или социјалното потекло, политичките или верските убедувања, полот, расата или бојата на кожа на лицето или на групата лица против кого тоа дело било насочено. ЕКРН жали што законодавецот не предвидел на експлицитен начин дека расната побуда ќе претставува отежнувачка околност за сите кривични дела. Сепак смета дека оваа нова одредба означува чекор напред и претставува делумен одговор на препораката која ЕКРН во оваа смисла ја упати во своите претходни извештаи. Дотолку повеќе, со посебен интерес забележува дека

[3] Примарно преку исклучување на условот за постоење на законски и непрекинат престој во земјата најмалку осум години, којшто е предвиден во точка два од став еден на член 7.

се воведени две нови кривични дела: јавно ширење на ксенофобичен и расистички пишан материјал или јавно пропагирање на идеи или теории кои олеснуваат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство против лице или група по основ на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло и верско убедување (нов член 394г во Кривичниот законик) и ширење на ксенофобични и расистички материјал по електронски пат (нов член 394е).

13. Овие нови кривично-правни одредби[4] за расизмот[5] ги надополнија веќе постоечките одредби, како што беше забележано од страна на ЕКРН во нејзините претходни извештаи, односно членовите 137, 138, 144 став 4, 173 став 3, 319 и 417 од Кривичниот законик, со кои се казнува за ограничување или оспорување на правата на поединецот по основ на, меѓу другото, расата, националното потекло, верско убедување или јазикот (член 137), повреда на правото на поединецот да го користи својот јазик и писмо (член 138), употреба на компјутерски систем со цел да се заплаши дека ќе биде сторено кривично дело поради вероисповеста на лицето или неговата припадност кон одредена национална, етничка или верска група (член 144 став 4), или нивно изложување на јавен потсмев (член 173, став 3), поттикнување на расна, национална или верска омраза, несогласување или нетолеранција (член 319), повреда на основните права и слободи признати во меѓународната заедница по основ на раса, боја на кожа, националност, национална и етничка припадност (член 417 став 1) и ширење на идејата за супериорност на одредена раса, пропагирање на расна омраза или поттикнување на практики засновани на такви идеи (член 417 став 3). Понатаму, членовите 137 и 138 од Кривичниот законик предвидуваат кривична одговорност на правните лица и поострување на казната во случај кога делото е сторено од лице кое е носител на јавна функција при извршување на неговите должности. Истовремено, како казниви дела се предвидени и геноцидот и злосторствата против човештвото во членовите 403 и 403а од Кривичниот законик – додека член 416 го казнува формирањето на група која има за цел извршување на вакви кривични дела, понатаму членството во таква група и повикувањето на извршување на вакви кривични дела; законот исто така го казнува јавното негирање, големо минимизирање, одобрување или оправдување на вакви кривични дела по пат на компјутерски систем, при што казната е поострена во случај кога делото е сторено со намера за пропагирање на омраза, дискриминација или насилство над лице или група на лица поради нивното национално, етничко или расно потекло или поради нивната вероисповест (член 407а).

14. Последователно на тоа, ЕКРН забележува дека сега постои добро разработено кривично законодавство за борба против расизмот и дискриминацијата. Меѓутоа, покрај горната резерва што ЕКРН ја искажа во поглед на новиот став 5 од член 39 од Кривичниот законик, таа забележува дека сепак одредени области не се опфатени, на пример: очигледно не постои општо законодавство со кое би се санкционирала навредата или јавното клеветење од расистичка природа, производството и чувањето на расистички материјали, создавањето и предводењето на

[4] Усвоени на 14 септември 2009 година, овие дополнувања ќе стапат на сила на 15 март 2010 година.

[5] Според став 1а) од Општата препорака Бр. 7 на ЕКРН во однос на националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација, под расизам се подразбира „убедување според кое расата, бојата на кожа, јазикот, вероисповеста, националноста, националното или етничкото потекло го оправдува навредувањето на поединецот или на група на лица.“ Дефиницијата на расната дискриминација може да се види во став 1б) и 1в), каде се предвидува дека таа опфаќа дискриминација по основ на раса, боја на кожа, јазик, вероисповест, националност, национално или етничкото потекло.

расистички движења или давањето поддршка на такви групи или учество во нивните активности.

15. Како што тоа беше случај и во претходните извештаи, ЕКРН исто така забележува дека кривично-правните одредби за борба против расизмот и расната дискриминација многу ретко се применуваат. Ова може да се забележи од неодамнешните статистички податоци објавени од страна на властите, кои покажуваат дека во 2004 и 2005 година, ниту едно лице не било осудено или обвинето за делата предвидени во членовите 137, 138, 319 и 417 од Кривичниот законик, при што властите известија само за две дејствија кои можат да се подведат под овие одредби (во 2004 година). Постоја доволно причини да се верува дека ова е последица на слабото познавање на кривично-правните одредби за борба против расизмот и дискриминација не само меѓу пошироката јавност, туку и меѓу припадниците на правничката професија. Оттаму, сè уште постои потреба од вложување на дополнителни напори насочени кон зголемување на свеста за примената на овој аспект на Кривичниот законик, како што беше нагласено во третиот извештај на ЕКРН.

16. Се чини неопходно потребно да се подобри системот на прибирање на релевантни статистички податоци за примената на кривично-правните одредби за борба против расизмот и нетолеранцијата, кои очигледно ги опфаќаат само пријавите, обвинението и казните изречени по основ на членовите 37, 138, 319 и 417 на Кривичниот законик.

17. ЕКРН препорачува властите да продолжат да ги консолидираат кривично-правните одредби во врска со расизмот и нетолеранцијата и ги повикуваат во таа насока да ја земат во предвид нејзината Општа препорака Бр. 7 во врска со националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација.

18. ЕКРН ја повторува својата препорака властите будно да ја следат примената на кривично-правните одредби за справување со расизмот и расната дискриминација. Таа особено препорачува да се подобри системот на прибирање на релевантни статистички податоци. Понатаму, ЕКРН препорачува тие податоци да се прошират и на сите инциденти кои се сметаат за расистички од страна на жртвата или било кое друго лице, вклучително и на оние инциденти кои не можат да квалификуваат како посебно кривично дело, како и да се обезбеди собирање на податоци за решенијата за поведување на истрага и за осудителните и ослободителните пресуди, како и да се обезбеди собирање на податоци за поплаките кои се поднесени, независно од тоа дали резултирале со покренување на обвинение или не.

19. ЕКРН ја повторува својата препорака властите да преземат широк спектар на мерки на сите нивоа во системот на кривично-правната заштита со цел да се подобри примената на кривично-правните одредби кои се однесуваат на расизмот и дискриминацијата, вклучително и мерки за јакнење на свеста насочени кон полицијата, обвинителите и судиите.

Одредби од граѓанското и управното право за борба против расизмот и расната дискриминација

20. ЕКРН забележува дека Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите и Законот за политичките партии посебно предвидуваат дека во своите програми, статути и внатрешни акти, како и во рамки на своите општи активности, сите тие организации нема да поттикнуваат расна или верска омраза или нетолеранцијата, а во спротивен случај тие можат да бидат забранети со одлука на суд. Понатаму, начелото на

недискриминација е вградено и во посебните закони, како што се оние поврзани со вработувањето и средното образование и со нив се промовира поголема еднаквост помеѓу етничките заедници, а особено во поглед на наивната застапеност во јавниот сектор.

21. Сепак останува непроменет фактот дека не постојат одредби за недискриминација во клучните области на животот како што се домувањето и здравствената заштита. Во својот трет извештај, ЕКРН силно препорача властите да го разгледаат воспоставувањето на една сеопфатна законска рамка насочена кон борба против дискриминацијата. Оттаму, се забележува дека е многу интересно дека и изготвен Предлог закон за заштита од дискриминација и тој може да биде усвоен во 2010 година. Во време на изготвување на овој извештај, во законот беа содржани одредби според кои се забранува директната и индиректната дискриминација не само по основ на раса, боја на кожа, етничко потекло, јазик, националност, вероисповест и вера, туку и по основ на родот, припадност на маргинализирана група, социјално потекло, образование, политичка припадност, личен, општествен, семен или брачен статус, хендикеп, возраст, сексуална ориентација, богатство и здравствена состојба, како и по основ на други критериуми предвидени со закон или меѓународен договор. Исто така, со Предлог законот се опфатени и дејствија на охрабрување, поттикнување и помагање на дискриминацијата и особено дејствијата на вознемирување, виктимизација и сегрегација односно подвојување. Се предлага под опфатот на дискриминацијата да потпаднат и следниве области: вработување; работните односи и на нив поврзани или слични области; образованието, науката и спортот; социјалната заштита; правдата и администрацијата; домувањето; информациите и медиумите; пристапот до стоки и услуги; членството и учеството во синдикати, здруженијата и политичките партии; културата и други области кои се предвидени со закон. Во Предлог законот се содржани голем број на процесни одредби, вклучително и одредби за поместување на товарот на докажување и за можноста специјализирани невладини организации не само да интервенираат во постапката како трети лица, туку и под определени услови да се јават во својство на тужители и сотужители. Понатаму, Предлог законот предвидува воспоставување на органи за спречување и заштита од дискриминација.[6]

22. Сепак, ЕКРН забележува дека многу невладините организации жестоко го критикуваат самиот процес од кој произлезе овој предлог закон и неговата содржина. Што се однесува до процесот, тие особено ги обвинуваат властите за непостоењето на транспарентност и необезбедување на доволна вклученост на граѓанското општество во неговото изготвување. Што се однесува до содржината, тие посочуваат дека во предлог законот не се земени доволно во предвид коментарите дадени на претходните негови верзии формулирани од страна на ОБСЕ и Европската комисија за демократија преку правото на Советот на Европа;[7] понатаму тие обрнуваат внимание на некои од сериозните слабости во области од суштинско значење, како што се дефинирањето на клучните поими и концепти и воспоставувањето на механизми за спречување и заштита од дискриминација. ЕКРН смета дека предлог законот содржи одредени јасни слабости; таков пример е делот кој се однесува на специјализираните органи.[8] За време на разговорите со властите коишто беа водени при

[6] Види подолу „анти-дискриминаторски“ тела и органи.

[7] Венецијанска комисија, Мислење по Предлог законот за заштита од дискриминација на „поранешната југословенска Република Македонија“, 19 декември 2008, CDL-AD(2008)042

[8] Види подолу „анти-дискриминаторски“ органи.

остварената посета, делегацијата на ЕКРН имаше впечаток дека властите се свесни за овие слабости. ЕКРН повторно го нагласува значењето од усвојување на една сеопфатна законска рамка која ќе се однесува на сите области споменати во нејзината Општа препорака Бр. 7, како и на значењето од воспоставување на независен специјализиран орган за борба против расизмот и расната дискриминација и ги поттикнува властите да се определат за амбициозен закон којшто ќе може да се справи со предизвиците со кои земјата се соочува во борбата со дискриминацијата.

23. ЕКРН ги поттикнува властите да го продолжат започнатиот процес на измени и дополнувања на граѓанското и управното право со цел усвојување на сеопфатно законодавство за заштита од дискриминација и гарантирање на највисок степен на заштита за жртвите. Во оваа смисла, силно препорачува властите да ја земат во предвид нејзината Општа препорака Бр. 7 во врска со националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација и нејзината Општа препорака Бр. 2 за специјализираните тела за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на национално ниво.

Обука на судии и јавни обвинители

24. Во својот трет извештај, ЕКРН обрна внимание на потребата и предностите од проширување на знаењата на судиите и јавните обвинители за законските прописи поврзани со еднаквоста и борбата против расизмот, нетолеранцијата и дискриминацијата. Од тие причини, ЕКРН ја радува формирањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители[9] и фактот што, согласно податоците доставени од страна на властите – во почетната обука која се спроведува во рамки на Академијата се вклучени модули за основните човекови права и правото на заштита од дискриминација. Понатаму, ЕКРН забележува дека избраните судии и јавни обвинители имаат можност да посетуваат семинари на кои се разгледуваат овие теми во рамки на нивното постојано стручно усовршување што го организира Академијата. Сепак, со жалење констатира дека тоа не е задолжително. Исто така, на властите им го посочува значењето на обуката на судиите, јавните обвинители и адвокатите во поглед на новото законодавство за борба против дискриминација по неговото усвојување.

25. ЕКРН препорачува властите да соработуваат со Академијата за обука на судии и јавни обвинители, со цел да се спроведуваат посебни обуки тематски поврзани со законодавството за борба против дискриминацијата по неговото усвојување, а која обука нема да биде наменета само за судиите и јавните обвинители туку и за адвокатите, како и препорачува обуката за законодавството за еднаквоста и за борба против расизмот, нетолеранцијата и дискриминацијата да стане задолжителен дел од постојаното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители.

Анти-дискриминаторни органи

26. Од 1997 година, во земјата постои омбудсман (Народен правобранител), чија надлежност утврдена со Уставот е да ги штити „законските и уставните права на граѓаните во случај на нивна повреда од страна на

[9] Член 2 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители (усвоен во февруари 2006 година) предвидува дека основна цел на институцијата е да обезбеди, по пат на селекција на судии и јавни обвинители и преку нивна почетна и континуирана обука, вршење на судиската и обвинителската функција на компетентен, професионален, независен, непристрасен и ефикасен начин.

државните органи". Меѓу другото, Народниот правобранител е должен да обезбеди почитување на начелата на недискриминација и правична застапеност на етничките заедници во рамки на органите на јавната власт. Народниот правобранител го избира Собранието според правилото на „двојно мнозинство“[10] и има седиште во Скопје, со шест регионални канцеларии на чие чело се наоѓаат заменици народни правобранители, исто така избрани од страна на Собранието,. Народниот правобранител може да покрене постапка не само по основ на индивидуална претставка, туку може да покрене постапка и по сопствена инцијатива, да дава мислења или препораки до властите за мерките што треба да се преземат за решавање на проблемите што ги има воочено и може да бара покренување на дисциплинска или кривична постапка.

27. ЕКРН забележува дека Народниот правобранител ја зацврстил својата позиција во рамки на институционалниот систем во земјата. Од 2005 година, примени се повеќе од 3.000 претставки годишно; во 2008 година, Народниот правобранител покренал постапка по сопствена иницијатива во 29 случаи и решил 3.701 случаи. Понатаму, продолжува практиката на евидентирање на етничкиот и национално потекло на подносителите на претставките (врз основ на доброволно дадена изјава на подносителот), за која практика ЕКРН смета дека е корисна во борбата против дискриминацијата. Исто така, ЕКРН забележува дека во согласност со нејзината препорака дадена во третиот извештај – властите се залагаат за поголема соработка со Народниот правобранител, иако сè уште постои простор за натамошно унапредување на овие прашања.

28. Истовремено, ЕКРН е изненадена од малиот број на случаи на дискриминација кои се покренати пред Народниот правобранител. На пример, само 0,69% од претставките примени во 2008 година, се однесуваа на повреда на начелата на недискриминација и правична застапеност; а според изјавите на Народниот правобранител тоа се должи на непостоењето на сеопфатна законска рамка за борба против дискриминацијата и ниското ниво на свест за овој проблем во јавноста. Понатаму ЕКРН забележува дека институцијата Народен правобранител во целост не ги исполнува критериумите од нејзините гореспоменати Општа препорака Бр. 7 и Општа препорака Бр. 2 за специјализираните тела за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на национално ниво. Посебно и на прво место, Народниот правобранител не може да интервенира во односите меѓу приватни лица и второ, од структурна гледна точка, не се гарантира доволно неговата независност од извршната власт, во смисла што тој не може да покрене постапка за вработување без овластување на Министерството за финансии.

29. ЕКРН повторно го нагласува значењето од воспоставување на независно специјализирано тело за борба против расизмот и дискриминацијата на национално ниво, кое ќе ги исполнува гореспоменатите критериуми, а особено ќе биде надлежно за давање помош на жртвите, ќе води истраги, ќе покренува и ќе интервенира во судските постапки, ќе го следи законодавство и ќе дава совети на законодавната и извршната власт и ќе спроведува активности за јакнење на свеста за прашања поврзани со расизмот и расната дискриминација и унапредувањето на политиките и практиките за еднаков третман. ЕКРН забележува дека во верзијата на Предлог законот за заштита од дискриминација којашто беше доставена

[10] Мнозинство пратеници на Собранието и мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието од оние кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците кои не се дел од мнозинското население во земјата.

до Европската комисија за демократија преку правото, се предлага проширување на надлежност и мандатот на Народниот правобранител во оваа смисла и дека комисијата изјави сериозни резерви во таа смисла. Комисијата укажува дека тоа, под претпоставка да е уставно дозволено и возможно, би било прифатливо само доколку институцијата Народен правобранител биде зајакната и бидат обезбедени потребните човечки и финансиски ресурси, доколку нејзините надлежности се усогласени со новите цели и доколку би била реорганизирана на начин што ќе овозможи доволен број вработени лица кои исклучиво би работеле на борба против дискриминација.[11] ЕКРН се согласува со ова мислење. Понатаму, таа забележува дека, предлог законот предвидува, барем според предлогот кој постоеше во време на изготвување на овој извештај, функцијата на спречување и заштита од дискриминација да биде доверена на други тела или органи[12] за кои беше јасно дека не ги исполнуваат гаранциите за независност.

30. ЕКРН ги повторува своите препораки властите да обезбедат соработка помеѓу сите органи на јавната власт и Народниот правобранител, тие да даваат одговори на соодветен начин на неговите барања или препораки, како и да преземат неопходни мерки за обезбедување на неговата структурна независност.

31. ЕКРН силно препорачува властите да воспостават специјализирано тело за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата, кое ќе ги исполнува критериумите утврдени со нејзината Општа препорака Бр. 2 во врска со специјализираните тела за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на национално ниво и нејзината Општа препорака Бр. 7 за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација.

II. Дискриминација во различни области

Образование

32. Со закон се воспоставува начелото дека наставата се одвива на македонски јазик, но истовремено се признава правото на лицата кои припаѓаат на малцинствата да ја следат наставата на нивниот мајчин јазик во основните и средните училишта. Државата исто така има обврска да обезбеди можности за високо образование на малцинскиот јазик, во случај кога тој јазик го зборуваат над 20% од населението во земјата (во практиката ова се однесува исклучиво на албанскиот јазик), како и законот нуди можности за високо образование на другите јазици. Во реалноста, на ниво на основното образование, наставата може да се одвива на македонски, албански, турски и српски јазик, на ниво на средното образование наставата се одвива на македонски и албански, а до одредена мера, и на турски и српски јазик. Ромите, Бошњаците и Власите немаат пристап до образование на нивните јазици, но во одредени основни училишта тие го изучуваат нивниот мајчин јазик како факултативен предмет.

33. Во своите претходни извештаи, ЕКРН забележа дека спореден ефект од остварувањето на ова право е постепената сегрегација или подвоеност во училишниот систем според јазични и етнички основи. Тоа подразбира дека

[11] Венецијанска комисија, Мислење по Предлог законот за заштита од дискриминација на „поранешната југословенска Република Македонија“, 19 декември 2008, CDL-AD(2008)042, став 85-96.

[12] „Совет за спречување на дискриминацијата" и „Канцеларија за спречување и заштита од дискриминација“.

припадниците на различните заедници, кои се образуваат на различни јазици и кои меѓусебно се издвоени од рана возраст, можат да коегзистираат без меѓусебно да се познаваат или комуницираат, на кој начин се предизвикува меѓусебна недоверба и нетолеранција. Се смета дека ризикот од етничка подвоеност е уште поголем во случаите кога лицата припаѓаат на мнозинската заедница Тоа е понагласено кај населението кое зборува македонски јазик, како и кај лицата кои припаѓаат на албанското малцинство поради други фактори како што е развојот на еднојазични медиуми. Поради тие причини, ЕКРН ги повика властите на децата од различни етнички заедници да им дадат можности за позитивна интеракција и учење едни за други, препорачувајќи при тоа да се отворат можности за децата од различни етнички заедници да учат заедно и тоа на сите нивоа на образовниот систем. Понатаму, нагласувајќи го значењето на lingua franca, при што припадниците на различни етнички заедници ќе можат директно да комуницираат едни со други, ЕКРН препорача воведување на можност децата да изучуваат два или повеќе јазици во рамки на образовниот систем, посебно предлагајќи двојазично и тријазично образование.

34. ЕКРН забележува дека властите не покренаа иницијатива за двојазично и тријазично образование. Повеќе постои тенденција спрема еднојазичното образование. Општо земено, многу писмени документарни извори ја потврдуваат етничката подвоеност во основното и средното образование. Дури и во случаите кога учениците посетуваат едно исто училиште, оние кои припаѓаат на мнозинското население и оние кои припаѓаат на албанското малцинство честопати се распоредуваат во одделни паралелки и понекогаш немаат ни ист распоред на часови, во кој случај тие воопшто не контактираат меѓу себе. Што се однесува до ромските деца, во случај кога тие не посетуваат исклучиво ромски училишта како резултат на фактичката гетоизација на поголемиот дел од ромското население,[13] предрасудите против нив кои постојат кај останатите родители на учениците и на наставниот кадар понекогаш водат кон нивна подвоеност од другите ученици во посебни паралелки или во посебни објекти. Ситуацијата е дотолку позагрижувачка поради тоа што не постои јасна политика на градење на заеднички училишта и вон-наставни активности со кои се унапредуваат контактите, мешањето и интеракцијата меѓу децата од различно јазично и етничко потекло.

35. Во своите претходни извештаи, ЕКРН исто така повикуваше на ревидирање на учебниците и на останатиот наставен материјал со цел од нив да се отстранат сите етнички стереотипи и сите облици на поттикнување на нетолеранција, а со цел внесување на непристрасни информации во наставните програми за секоја од заедниците кои живеат во земјата. Во таа смисла, властите укажаа дека учебниците се ревидирани од страна на група експерти посебно формирана за таа цел и дека утврдувањето на наставната програма по историја и изготвувањето на учебници сега е доверено во раце на мултиетнички комисии составени од специјалисти, кои настојуваат да ги отстранат сите стереотипи и да унапредуваат објективно образование. Тие истакнаа дека во Националниот акциски план за правата на децата за периодот од 2005-2015 година, кој беше усвоен во март 2006 година, е вклучена посебна глава за образованието, која има за цел воспоставување на училишта кои одговараат на потребите на децата, вклучително и нивна заштита од сите облици на дискриминација, каде децата ќе научат да ги прифатат разликите. Сепак, се чини дека во учебниците сè уште постојат етнички

[13] Види подолу „Дискриминација во различни области – домување“.

стереотипи, особено во однос на Ромите, и дека во нив се содржани малку позитивни информации за групите кои не му припаѓаат на мнозинското население или на албанското малцинство, или општо земено дека независно од јазикот на кој се одвива образовниот процес, наставата по историја и литература, продолжува да биде етнички фокусирана. Исто така, потребно е унапредување на наставните методи, кои според невладините извори, се примарно авторитарни по својата природа и се засноваат на меморизирање на податоци, наместо на критична анализа и градење на мислење, кои многу поверојатно можат да доведат до засилување на стереотипите и предрасудите и до зајакнување на нетолеранцијата.

36. Конечно, ЕКРН забележува дека во училиштата редовно се случуваат инциденти, кои понекогаш се насилни, помеѓу ученици кои им припаѓаат на различни заедници. Тие инциденти, ЕКРН ги смета за предупредување дека мора неодложно да се преземат активности со цел да се спречи меѓуетничката нетолеранција да пушти корени во училишната средина и на тој начин да создаде долготраен јаз во општеството.

37. ЕКРН ги поттикнува властите да се зафатат со третирање на прашањето за етничко подвојување во училишниот систем. Во оваа смисла, ги повторува своите препораки за јакнење на повеќејазичната настава на сите нивоа на образованиот систем, како и утврдување и имплементирање на свесни политики за развој на заеднички наставни програми и вон-наставни активности со кои ќе се унапредуваат контактите, мешањето и интеракцијата помеѓу децата кои имаат различно јазично и етичко потекло.

38. ЕКРН ги поттикнува властите да ги продолжат активностите насочени кон отстранување од учебниците на сите содржини со кои се промовираат стереотипи, предрасуди и нетолеранција, како и да поодолжат да ги ревидираат учебниците и наставните програми со цел во нив да бидат вклучени податоци и информации за придонесот на сите малцински групи во општеството и тие што подобро да ја одразуваат различноста во општеството. Исто така, препорачува да се негуваат и усовршуваат педагошките методи со кои се промовира критичко мислење кај учениците и средства со кои тие ќе можат да ги идентификуваат и да реагираат на стереотипите, предрасудите и нетолеранцијата. Во таа смисла, ЕКРН ја посочува својата Општа препорака Бр. 10 за борба против расизмот и расната дискриминација во и преку образованиот систем.

39. Во своите претходни извештаи, ЕКРН ги поттикнуваше властите да се заложат за изнаоѓање на причините за високата стапка на напуштање на училишниот систем кај децата кои припаѓаат на турското и албанското малцинство, како и да изготват таргетирани мерки за решавање на ова прашање. Во својот трет извештај, забележувајќи дека квалитетот на наставата на турски јазик претставува посебен проблем, главно поради непостоењето на учебници и поради недостатокот од наставници и несоодветна обука на наставниот кадар, ЕКРН повика на мерки кои ќе обезбедат сите ученици да имаа пристап до образование кое ќе има приближно ист квалитет. Понатаму, забележувајќи наставата на турски јазик се одвива до осмо одделение (или само до четврто одделение во некои региони) и сметајќи дека непознавањето на македонскиот јазик може да ги спречува учениците кои сакаат да го продолжат своето школување, ЕКРН препорача властите да преземат мерки за подобрување на квалитетот на наставата на службените јазици во училиштата преку настава на малцинските јазици, како и да обезбедат посебна поддршка за децата кои имаат јазични потешкотии во средното образование.

40. Властите укажаа дека проблемот со напуштање на училиштето во источните и во северо-источните делови на земјата, кој во голема мера се однесува на турската заедница е поврзан со руралниот карактер на регионот и неповолниот терен, каде некои ученици живеат на голема оддалеченост до најблиското училиште. За да се надмине овој проблем потребно е да се отворат нови паралелки во регионот, а наставата на турски јазик во моментов е достапна во петнаесет општини на ниво на основното и средното образование. Објавени се нови учебници на турски јазик, спроведена е обука на наставниците и отворена е посебна катедра на Филолошкиот факултет со цел да се зголеми бројот на кадари кои ќе држат настава на турски јазик на долгорочен план. Фактот што сега средното образование е задолжително, исто така, има непосредно влијание врз стапката на посетеност на училиштата, вклучително и кај учениците кои не припаѓаат на мнозинското население. Покрај тоа, за учениците кои следат настава на друг јазик, задолжително е изучувањето на македонскиот јазик во основните училишта, со два часа неделно во четврто и петто одделение и три часа неделно за шесто до деветто одделение.

41. Иако ги поздравува напорите што ги вложуваат властите во областа на образование, ЕКРН забележува дека кога станува збор за одржување на наставата на јазик различен од македонскиот, многу документирани извори ги нагласија како проблем постојаниот недостаток и лошиот квалитет на наставата, несоодветниот број на наставници, несоодветната обуката на наставниот кадар и недостатокот на наставни материјали. Истото се однесува и на недоволното познавање на македонскиот јазик меѓу учениците кои следат настава на еден од малцинските јазици и непостоењето на посебни мерки за јазична поддршка за оние ученици кои се запишуваат во средните училишта, каде наставата се одвива на македонски јазик, а тие претходно следеле настава на друг јазик.

42. ЕКРН силно препорачува властите да ги интензивираат своите напори за обезбедување пристап до квалитетно образование за секој ученик независно од неговото етничко потекло. Во таа смисла, посочува на својата Општа препорака Бр. 10 за борба против расизмот и расната дискриминација во и преку образованието, каде меѓу другото се нагласува потребата од обезбедување на задолжително, слободно и квалитетно средно образование за сите.

43. Во својот трет извештај, ЕКРН забележа со загриженост дека сè уште постои сериозен проблем на ниска стапка на посетеност на училиштата и висока стапка на напуштање на училишниот систем кај ромските деца дури и во основното училиште и дека многу мал дел од оние кои ќе завршат основно образование го подложуваат школувањето во средно училиште. Со жалено констатираше дека властите презеле само неколку мерки за решавање на оваа состојба и дека постои тенденција за овој проблем да се обвинуваат родителите Роми. ЕКРН препорача властите да спроведат темелна анализа на состојбата на Ромите во образованиот систем и на причините за нискиот степен на постигнувања, како и без одлагање да преземат спектар на иницијативи за зголемување на степенот на учество на Ромите во сите нивоа на образование.

44. Очигледно властите продолжуваат да веруваат дека причината на проблемот првенствено лежи во традиционалниот животен стил на Ромите. Сепак, невладините организации истакнуваат и други причини, претежно станува збор за многу сиромашни родители кои не се во можност да ги платат учебниците и другите училишни трошоци, предрасудите и исклученоста со која се соочуваат ромските деца во

училишната средина, недостатокот на разбирање од страна на наставниците и фактот што образованиот систем многу малку ја зема в предвид нивната култура. Други причини кои се споменуваат вклучуваат потешкотии во патувањето до и од училиштата, фактот што голем број на ромски деца не се запишани во матичната книга на родените, фактот што некои ромски деца кои се на училишна возраст не зборуваат македонски, несоодветните можности за претшколско образование, нискиот степен на образование на самите родители и лошите услови кои постојат во училиштата кои претежно ги посетуваат ромски деца.

45. Усвојувањето на Националниот акциски план за образование на Ромите како дел од учеството на земјата во „Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015“[14] ја покажува вистинската волја на властите. Планот има за цел подобрување на вклученоста на Ромите во образованиот систем, намалување на стапката на напуштање на училиштето, засилување на капацитетот на училишниот систем да ги идентификува и да се справи со конфликтните ситуации и зголемување на бројот на квалификувани наставници Роми. Во пракса, се преземаат посебни мерки, меѓу другото, за унапредување на пристапот на ромските деца до средното образование – кое сега е задолжително – како и подобрување на пристапот до високото образование. На пример, просечната оценка која се бара како услов за запишување во средно училиште е намалена за 10% за ромските деца, 650 ученици Роми кои следат настава во средните училишта добија посебни финансиски средства за време на учебната 2008/2009 година, а постојат и планови за изградба на средно училиште кое ќе овозможи основно и специјализирано техничко образование во општина Шуто Оризари, каде претежно живее ромско население. Системот на квоти го олеснува пристапот до универзитетско образование за лицата кои припаѓаат на малцинствата, со крајна цел студентската популација да ја отсликува структурата на целокупното население. Исто така, доставени се учениците во основните и средните училишта за учениците кои живеат во лоши услови и се подготви систем на бесплатен училиштен превоз. Пилот проект за претшколско образование на ромските деца исто така е спроведен во шеснаесет општини.

46. Меѓутоа, иако мерките кои се преземат во врска со учеството на земјата во „Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015“, кои се сметаат за позитивен одговор од страна на претставниците на граѓанско општество, се чини дека активностите што се преземаат на терен од страна на органите на власта се несоодветни, особено кога станува збор за пристапот на ромските деца до претшколско и основно образование, поради тоа што не се обезбедени потребните финансиски средства. Всушност, не постои причина да се верува дека состојбата значително се подобрила од објавувањето на третиот извештај на ЕКРН. Напротив, многу документирани извори укажуваат дека степенот на образование на Ромите продолжува да биде најнизок во земјата, дека стапката на отсуствување и напуштање на училишниот систем сè уште се највисоки меѓу ромските деца и дека процентот на млади Роми кои завршуваат средно образование и се запишат на универзитет е значително помал од просекот. Состојба со образованието на ромските деца бегалци од Косово се чини дека е уште потешка.[15]

[14] Види подолу „Ранливи/целни групи – Роми“.

[15] Една студија покажува дека голем број од нив воопшто не посетуваат училиште (скоро 50% од децата во случаите кои биле испитани; Европски центар за малцински прашања, Ромите во интеграцијата II: Анализа и препораки, училишна атмосфера; Ромски деца бегалци од Косово и нивна интеграција во образованиот систем на Република Македонија, јануари 2007).

47. Покрај тенденцијата за подвојување на ромските деца споменатa погоре, голем број на организации пријавија практика на префрлање на ромските деца, кои имаат проблеми со учењето, во специјални училишта наменети за деца кои имаат пречки во развојот, и покрај тоа што нивните потешкотии во суштина се должат на фактот што наставата се одвива на јазик кој не им е мајчин јазик. Тие посочуваат дека родителите, кои се погрешно информирани за ваквиот избор на училиште за своите деца, се охрабруваат да ја прифатат одлуката бидејќи со тоа тие се стекнуваат со право на одреден паричен надомест. Властите самите забележаа дека во овие специјални училишта постои особено голем број на ромски деца и дека е формирана работна група која треба да ги испита причините за оваа состојба и да изнајде решенија.

48. ЕКРН ги поттикнува властите да стават крај на практиката на несоодветно испраќање на ромските деца во образовни институции за ученици со пречки во развојот, да ги идентификуваат засегнатите деца и нив повторно да ги интегрираат во главните токови на образованието и да воведат систем кој ќе гарантира дека исклучиво деца кои имаат ментални пречки ќе се воведат во специјалниот образовен сектор.

49. ЕКРН ја повторува својата препорака властите да преземат посебни мерки за подобрување на состојбата на Ромите во областа на образованието и препорачува тие повеќе да се фокусираат на подобрување на пристапот до претшколското и основното образование. Во оваа смисла, ги поттикнува властите да обезбедат финансиски средства потребни за спроведување на Националниот акциски план за образование на Ромите.

Вработување

50. Во својот трет извештај, ЕКРН забележа дека кај ромската заедница постои висок степен на невработеност и препорача властите да вложат дополнителни напори за подобрување на таа состојба. ЕКРН сметаше дека широко-распространетите, ендемски неповолности на кои се изложени Ромите на пазарот на трудот налагаат да се усвојат и да се применат посебни мерки преку кои Ромите ќе бидат ставени во ситуација во која ќе можат да уживаат еднакви можности во однос на прашањата поврзани со вработувањето.

51. Усвоен е Национален акциски план за вработување на Ромите како дел од учеството на земјата во „Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015“.[16] Основните цели на оваа програма опфаќаат подобрување на информираноста на Ромите за прашањата поврзани со вработувањето, подигање на нивото на нивно образование и квалификации и зголемување на нивните изгледи за вработување; примена на законските одредби со кои се унапредува правичната застапеност на Ромите; изготвување шеми и прописи насочени кон зголемување на стапката на вработеност на Ромите; обезбедување поддршка на Ромите според локалните акциски планови и договори за унапредување на вработувањето и преземање мерки со кои ќе им се помогне на Ромите да излезат од сивата економија. Исто така, властите укажа дека постои Општ план за вработување, кој од 2009 година, вклучува посебна програма за Ромите. Тие исто така нагласија дека во 2010 година ќе се посвети посебно внимание на невработените Роми во рамки на „Програмата за само-вработување“.

[16] Види подолу „Ранливи/целни групи – Роми“.

52. Иако ЕКРН смета дека со тоа се потврдува волјата на властите да делуваат, сепак забележува дека поради недостаток на средства досега се преземени само неколку конкретни мерки. Всушност, не постои причина да се верува дека состојбата со вработување на Ромите се подобрила од објавувањето на третиот извештај на ЕКРН. Стапката на невработеност на Ромите (над 70% според одредени извори) е сè уште значително висока во споредба со стапката присутна кај другите етнички заедници во земјата и нивните приходи се значително пониски. Многумина од оние кои работат се вработени во сивата економија и работа за ниски плати без заштита според трудовото законодавство и без социјално осигурување. Тие лица всушност се заробени во еден магичен круг, бидејќи нивниот низок степен на образование ги намалува шансите за вработување, а исто така и нивниот капацитет да се приклучат кон некои општи шеми и проекти за вработување. Покрај тоа, според невладини извори, бидејќи во пракса се бара свидетелство за завршено основно образование за да може одредено лице да се пријави во Агенцијата за вработување, на многу Роми им е ускратена оваа можност, со што тие се дисквалификувани од вработување во јавниот сектор. ЕКРН исто така беше информирана дека кај работодавците постои тенденција да вработуваат лица од нивните заедници, со што пристапот на пазарот на труд станува уште потежок за Ромите.

53. ЕКРН ја повторува својата препорака властите да преземат посебни мерки за подобрување на состојбата со вработување на Ромите. Во таа смисла, ги поттикнува да обезбедат финансиски средства потребни за спроведување на Националниот акциски план за вработување на Ромите.

Домување

54. Во својот трет извештај, ЕКРН забележа дека повеќето Роми живеат изолирано од остатокот на населението во трошни градби издигнати во непланski средини, без соодветна поврзаност со мрежата на комунални услуги (вода, електрична енергија, итн.) и бидејќи тие немаат правна основа за користење на овие градби тие се под постојан притисок дека ќе бидат иселени од таму. ЕКРН особено препорача властите да преземат чекори за регулирање на правниот статус на градбите во ромските населби.

55. Во оваа област, исто така, беше изготвен и усвоен Национален акциски план како дел од учеството на земјата во „Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015“.[17] Основните цели на оваа програма опфаќаат подобрување на информираноста на Ромите за прашања поврзани со домувањето и нивно учество во процесот на донесување на одлуки, усвојување на урбанистички планови за областите каде претежно живее ромското население, легализирање на постоечките градби и подобрување на инфраструктурата и квалитетот на градбите. Властите укажа дека во областите каде претежно живее ромското население во тек е спроведување на проекти за изградба и подорување на водоснабдувањето и канализациските мрежи, изготвување на урбанистичките планови и реконструкција на патиштата, како и дека е изготвен предлог закон за регулирање на правниот статус на градбите. Сепак, многу извори укажаа на несоодветноста на средствата кои се обезбедени за таа цел и потврдија дека состојбата, во конкретна смисла, многу малку е променета од усвојувањето на третиот извештај на ЕКРН.

[17] Види подолу „Ранливи/целни групи – Роми“.

56. ЕКРН ја повторува својата препорака властите да преземат посебни мерки за подобрување на состојбата на Ромите во областа на домување. Особено, ги поттикнува властите да го разрешат прашањето на легализација на градбите на Ромите, и општо земено, да обезбедат финансиски средства потреби за спроведување на Националниот акциски план за домување на Ромите.

Здравствено осигурување

57. Во својот трет извештај, ЕКРН забележа дека Ромите понекогаш немаат пристап до здравствената заштита од причина што тие не можат да ги сносат трошоците, бидејќи многумина од нив немаат здравствено осигурување или не се можност да ја платат задолжителната партиципација. ЕКРН препорача властите да преземат мерки со кои ќе се обезбеди Ромите да уживаат еднаков пристап до здравствената заштита и ќе се обезбеди посебна обука за социјалните работници со цел тие да станат свесни за можните предрасуди и идеи кои можат да влијаат на начинот на кој тие се однесуваат со лицата од ромската заедница и на тој начин да го блокираат пристапот до социјално осигурување за некои припадници од таа заедница.

58. Голем број на документирани извори покажуваат дека ова прашање е далеку од тоа да биде решено и дека состојбата со здравјето меѓу ромското население предизвикува посебни проблеми; според некои невладини организации Ромите продолжуваат да бидат жртви на предрасудата и невниманието на социјалните и здравствените работници. Понатаму, ЕКРН со загриженост констатира дека една од причините, којашто ја идентификувале претставниците на граѓанските организации поради која голем број на Роми немаат социјално осигурување е тоа што шемата на осигурување ја спроведува Агенцијата за вработување, со конечен резултат дека доколку оние лица кои не се регистрирани во Агенцијата – како што е тоа случај со многу Роми – тие лица се лишени од пристапот до здравствено осигурување. Исто така, забележува дека потешкотиите со кои се соочуваат одредени припадници на ромската заедница во добивањето на лични документи очигледно во голема мера придонесуваат и за овој проблем.[18]

59. Истовремено, ЕКРН забележува дека властите покажуваат волја да дејствуваат исто така и во оваа област. Изготвен е Национален акциски план за ромското здравје како дел од учеството на земјата во „Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015“.[19] Целите на тој план вклучуваат подобрување на животните услови на ромското население, подобрување на пристап до здравственото осигурување и до информациите за прашања сврзани со здравјето, како и подобрување на нивниот пристап до установите за здравствена заштита. Се спроведуваат програми и активности за унапредување на интеграцијата на ромското население во системот на здравствена заштита и за олеснување на нивниот пристап до услугите за здравствана заштита, а исто така потстојат и планови за отворање на центри за здравствена заштита во средините каде живеат Ромите и за вработување на голем број здравствени работници од ромско потекло. Исто така, властите ја информираа ЕКРН дека се преземени посебни мерки во интерес на бремените жени Ромки кои немаат здравствено осигурување: тие имаат можност за бесплатен пород во болница и бесплатна пред и лост натална заштита. Властите посочија дека општото здравствено осигурување е воведено во јуни 2009 година,

[18] Види подолу „Ранливи/целни групи – Роми“.

[19] Види подолу „Ранливи/целни групи – Роми“.

кое е достапно за Ромите кои немаат никакво социјално осигурување под истите услови и на истиот начин како и другите лица кои се наоѓаат во иста положба.

60. ЕКРН ги охрабрува властите во нивните напори да обезбедат Ромите да уживаат и да имаат еднаков пристап до здравствената заштита и ја повторува својата препорака тие да преземат посебни мерки во таа насока. Особено, ЕКРН ги поттикнува да ги отстранат сите непотребни препреки кои ги спречуваат Ромите да имаат пристап до здравственото осигурување, да ја зајакнат свеста помеѓу социјалните и здравствените работници за можните предрасуди кои можат да влијаат на начинот на кој тие се однесуваат со припадниците на ромската заедница во извршувањето на должностите, како и да обезбедат финансиски средства кои се потребни за спроведување на Националниот акциски план за ромското здравје.

Пристап до правдата

61. Во својот трет извештај ЕКРН забележа дека законот дава можност за преведување и толкување во сите фази на граѓанската и кривичната постапка, но дека во пракса сè уште постојат значителни потешкотии, меѓу другото, и поради недостатокот од компетентни професионални преведувачи и толкувачи на локалните јазици. ЕКРН препорача властите да преземат чекори за да се обезбеди ефикасно гарантирање на правото на преведувач и толкувач и укажа дека би било корисно судиите целосно да се запознаат со одредбите поврзани со овие прашања, како и да се обучат повеќе професионални преведувачи и толкувачи на локалните јазици што се зборуваат во земјата.

62. Во 2005 година властите одлучија да понудат обука за преведувачи и толкувачи на завршените студенти кои не припаѓаа на мнозинското население. Курсот, кој траеше девет месеци, овозможи обука на 99 толкувачи и преведувачи, од кои 38 беа вработени во судовите. Сепак ЕКРН дозна од бројни извори дека квалитетот на правничките преводи и толкување на локалните јазици е слаб и дека сè уште постои мал број на преведувачи и толкувачи. ЕКРН смета дека ова претставува сериозен проблем, бидејќи води кон намалување на пристапот до правдата на оние лицата кои не припаѓаат на мнозинското население и веројатно е дека тоа ќе резултира со различен третман на одредени групи на населението по основ на нивниот јазик. Понатаму забележува дека најранливите групи на населението се соочуваат со проблеми во пристапот до правдата поради фактот што, правната помош, барем фактички ако не и според закон, не е достапна во граѓанските предмети.

63. ЕКРН препорачува властите да ги забрзаат напорите кон обезбедување на гаранции за правото на преведувач и толкувач во судските постапки, особено преку преземање на мерки за зголемување на бројот на преведувачи и толкувачи и за зголемување на нивото на нивните квалификации.

64. ЕКРН препорачува властите да воспостават целосен систем за бесплатна правна помош.

III. Расистичко насилство

65. Властите укажаа дека земјата нема проблем со расистичкото насилство. Меѓутоа, како што е споменато погоре, собирањето на статистички податоци за кривичните дела според кривично-правните одредби за борба против расизмот е несоодветно. Понатаму, поради фактот што до

неодамна не се земаше во предвид расистичката побуда, освен за одредени кривични дела,[20] се чини дека е рационално да се очекува дека властите го пропуштиле расистичкиот елемент во голем број на насилни дејствија. Дотолку повеќе, ЕКРН забележува дека невладините организации понекогаш известуваат за напади кои веројатно се сторени од етнички побуди. Исто така, ЕКРН смета дека релативно нискиот степен и постојаните меѓуетнички тензии меѓу населението претставуваат плодна почва за насилство.

66. ЕКРН препорачува властите да ја засилат својата будност кон расистичкото насилство.

IV. Расизмот во јавниот живот

Предводници на јавното мислење и медиумите

67. Во претходните извештаи ЕКРН изрази загриженост поради фактот што многу политички лидери, интелектуалци и верски лица, како и медиумите имаат усвоено ставови со кои се засилуваат етничките поделби, наместо да промовираат зајакнување на прифаќањето и довербата помеѓу заедниците. Исто така, ЕКРН констатира дека медиумите, кои се поделени според етничка основа, известуваат за настани на многу различни начини во зависност од нивната етничка обоеност, состојба која има тенденција да ја негува нетолеранцијата и недовербата помеѓу етничките заедници. Исто така, ЕКРН изрази загриженост поради начинот на кој се претставуваат Ромите во медиумите, особено преку споменување на ромското потекло на осомничените сторители и при тоа повика на ефективна примена на Кодексот на етика и на кривично-правните одредби поврзани со говорот на омразата.

68. Според невладини извори, од неодамна сè почести се изјавите на меѓуетничка нетолеранцијата. Ставот на одредени политички субјекти, кои се во искушение да ги користат етничките тензии како средство за добивање на гласови, очигледно е многу проблематичен, особено за време на изборните кампањи. Во поглед на ова конкретно прашање, ЕКРН укажува на користа политичките партии да ја потпишат Повелбата на европските политички партии за нерасистичко општество од 28 февруари 1998 година.[21]

69. Советот за честа на новинарите има забележано шеесет инциденти на етничко непријателство во медиумите во изминатите три или четири години, а претставниците на граѓанското општество укажуваат дека медиумите помагаат во пропагирањето на стереотипи не само во поглед на Ромите, туку особено во поглед на жените и хомосексуалците.

70. ЕКРН забележува дека Кодексот на етика на печатените медиуми со право бара од новинарите да се воздржат од намерно потпирање или објавување на информации со кои се загрозуваат човековите права или основни слободи, како и да се воздржат од пропагирање на омраза и поттикнување на насилство и дискриминација; исто така со Кодексот се бара од новинарите да ја почитуваат етничката, културната и верската

[20] Види погоре „Кривично-правни одредби за борба против расизмот и расната дискриминација“.

[21] Страните потписнички, меѓу другото, се обврзуваат „дека ќе одбијат да истакнат, да објават или дадат за објавување, да дистрибуираат или да одобрат на кој било начин погледи и ставови кои поттикнуваат или повикуваат, или од кои може разумно да се очекува дека ќе поттикнат и повикаат, на предрасуда, непријателство или поделба помеѓу луѓето од различно етничко и национално потекло или помеѓу луѓето со различни верски убедувања, како и дека одлучно ќе се справат со какви било расистички чувства и однесување во нивните редови."

разноликост. Понатаму, член 69 од Законот за телекомуникациите изрично го забранува пренесувањето на информации кои имаат за цел поттикнување на омраза или нетолеранција по основ на етничка припадност, раса или вероисповест. Сепак, ЕКРН забележува дека „Советот на честа на новинарите“ кој е надлежен да обезбеди придржување кон Кодексот на етика, нема можност за принуда: единственото средство кое му стои на располагање е јавното објавување на сторената повреда на Кодексот. Дотолку повеќе што член 69 од Законот за телекомуникациите исклучиво се применува на аудио-визуелните медиуми, а Советот за радиодифузија[22] скоро никогаш не покренал прашање, кое е поврзано со мандатот на ЕКРН, кое би можело да потпадне под опфатот на овој член. Ова јасно се разликува од согледувањата на Советот на честа на новинарите и претставниците на граѓанското општество и се чини дека подразбира дека Советот за радиодифузија можеби недоволно посветува внимание на прашањето за нетолеранција.

71. Поделбата на медиумите по етничко-јазични основи и етнички обоеното известување за настаните сè уште е широко распространето. Главната линија на поделба првенствено се наоѓа помеѓу медиумите и новостите кои се објавуваат и емитуваат на македонски и оние кои се емитуваат на албански јазик. Според невладини извори, главниот проблем лежи во тоа што постои значително политичко мешање во работата на медиумите и политиката во земјата главно се фокусира на етничките прашања. На пример, повеќето приватни телевизиски канали – кои претставуваат мнозинство во аудио-визулените медиуми – наводно се поврзуваат со политички личности или со политички партии. Понатаму, фактот што државата е главниот клиент на медиумите се чини дека власта ги фаворизираат оние медиумски куќи кои се сметаат за про-владини. Соодветно на тоа, ЕКРН укажува на потребата од поддржување на проекти за негување на меѓуетничката кохезија преку обезбедување пристап до исти и објективни информации за сите граѓани. Еден локален неделен весник „Монитор“, кој се издава на македонски и на албански јазик во регионот на Тетово и Гостивар, беше добар пример за тоа, но за жал престана да се објавува поради недостигот на финансиски средства.

72. ЕКРН препорачува властите, преку своите највисоки претставници, систематски и јавно да се оградуваат, користејќи најстроги зборови, од какви било изрази на нетолеранција дадени од страна на предводниците на јавното мислење и медиумските личности. Исто така, препорачува властите да иницираат или да покренат постапка во случај кога забелешките дадените по однос на одредено прашање можат да се квалификуваат како говор на омразата и потпаѓаат под опфатот на кривичниот закон.

73. ЕКРН препорачува властите да ги соберат заедно претставниците на медиумите и претставниците на граѓанското општество на едно место за да ја разгледаат состојбата во поглед на пропагирањето на стереотипи во медиумите и можната улога што тие ја имаат во негувањето на нетолеранцијата, како и да определат мерки што ќе се преземат за подигање на свеста меѓу професионалните кругови во медиумите за прашањето за дискриминација и да ја зајакнат примената на релевантните одредби од Кодексот на етика.

[22] Советот за радиодифузија има девет членови кои ги именува Собранието за период од шест години и меѓу другото е надлежен да обезбеди почитување на член 69 од Законот за телекомуникациите. Може да покренува постапка по сопствена иницијатива и може да изрекува санкции коишто можат да состојат дури и во одземање на лиценцата.

74. ЕКРН препорачува властите, водејќи сметка за зачувување на независноста на медиумите, да поттикнуваат и активно да поддржуваат иницијативи во областа на медиумите кои имаат за цел негување на меѓуетничката кохезија.

Интернет

75. Властите укажаа дека тие не забележале случај на употреба на Интернетот за ширење на расистички содржини или содржини засновани на омраза преку сајтовите кои се хостирани во земјата. Тие посочија дека Министерството за внатрешни работи има посебно одделение за борба против компјутерскиот криминал, кое сепак посебно не ја следело состојбата во однос на поттикнувањето омраза преку Интернет. За да се идентификуваат проблематичните случаи, користени се претежно поплаки од поединци, кои контактирале со Министерството за внатрешни работи преку телефонски број кој е достапен за пријавување на сите видови на кривични дела. Според властите, бројот на вработени во ова одделение е зголемен со цел поефикасно да се занимава со расистички содржини.

76. ЕКРН препорачува властите да ја засилат будноста во поглед на употребата на Интернетот за ширење на расистички содржини или содржини засновани на омраза. Посебно, препорачува да воспостават систем за следење, во соработка со провајдерите на Интернет пристап но без мешање во нивната независност, како и властите да ја следат состојбата. ЕКРН упатува на својата Општа препорака Бр. 6 за борба против ширењето на расистички, ксенофобични и антисемитски материјали преку Интернет.

V. Меѓуетнички односи*23*

77. Во својот трет извештај ЕКРН констатираше влошување на меѓуетничките односи и продлабочување на јазот помеѓу заедниците, особено помеѓу мнозинското население и албанското малцинство. Во оваа смисла, забележа дека по конфликтот во 2001 година потпишан е Охридскиот рамковен договор во кој се предвидуваат значајни одредби за подобрување на признавањето на малцинските групи и нивното учество во општеството, но начинот на кој се спроведуваше договорот допринесе за влошување на состојбите. ЕКРН сметаше дека проблемот лежи во фактот што мерките коишто се преземени во насока на спроведување на договорот не вклучуваат иницијативи за воспоставување на комуникација и конструктивни контакти помеѓу заедниците и за идентификување на дискриминацијата во различни области на животот, а со цел истата да биде надмината. Последователно на тоа, ЕКРН препорача властите да преземат мерки од ваков вид.

78. Како што беше наведено во деловите од овој извештај коишто се однесуваат на образованието и предводниците на јавното мислење и медиумите, земјата сè уште е силно поделена според етничка основа и се чини дека јазот не се намалил од денот на објавување на третиот извештај. Односите помеѓу мнозинското население и албанското малцинство се помалку затегнати – иако беа пријавени неколку судири меѓу поединци – состојба за која, во најмала рака, делумна одговорност можат да сносат одредени предводници на јавното мислење. Неодамнешните настани поврзани со објавување на „Македонската енциклопедија“ се илустрација на овие поделби и тензии, како и за

[23] Види исто така погоре „Дискриминација во различни области – Образование“ и „Расизмот во јавниот живот – предводници на јавното мислење и медиумите“.

потешкотиите што ги имаат и двете најголеми етнички групи да стапат во дијалог, а тоа претставува и илустрација за преголемата политизација на етничките прашања.[24] Во овој момент, јасно е дека се потребни значителни напори за зајакнување на меѓуетничките односи и за зачувување на концептот на мултиетничко и мултикултурно општество.

79. ЕКРН ги повторува своите препораки властите да преземат мерки насочени кон подобрување на меѓуетничките односи, унапредување на комуникацијата и конструктивните контакти помеѓу лицата кои припаѓаат на различни етнички заедници, како и да преземат мерки со кои ќе ја третираат дискриминацијата во различни области од животот. ЕКРН силно препорачува властите да го сметаат подобрувањето на меѓуетничките односи за сеопфатна цел, која постојано треба да се има во предвид при изготвување и спроведување на политиките.

80. Со Охридскиот рамковен договор посебно се предвидува дека иако македонскиот јазик е службен јазик, друг јазик на кој го зборува најмалку 20% од населението може да се употребува при издавањето на лични документи, во граѓанската и кривичната постапка, во комуникација со органите на локалната самоуправа и во комуникација помеѓу граѓаните и централната власт. Исто така се предвидува и начелото на правична застапеност на заедниците во сите органи на јавната власт на централно и локално ниво и на сите ниво на вработување. Во својот трет извештај, ЕКРН изрази загриженост дека мерките што се преземени за оживотворување на овие одредби не соодветствуваат на иницијативите за негување на интеракција на државните службеници кои припаѓаат на различни заедници. Исто така, ЕКРН забележа дека кај помалите малцинства постои страв дека ќе бидат превидени во овој процес, и општо земено, дека тие ќе бидат изоставени во процесот на спроведување на Охридскиот договор. Од тие причини, ЕКРН препорача властите при спроведување на мерки за правична застапеност во јавната служба посебно да обезбедат и да промовираат можности за директна комуникација и конструктивна интеракција помеѓу лицата кои припаѓаат на различни етнички заедници, како и да организираат обука за службениците во органите на јавната власт со цел тие да се оспособат да го употребуваат македонскиот и друг службен јазик на комуникација во рамки на засегната јавна установа или орган. Исто така, ЕКРН препорача властите да им гарантираат на помалите малцинства еднаков третман во спроведување на политиките за употреба на јазикот и начело на правична застапеност, и општо земено, во сите области на животот.

81. Законот за употреба на јазиците кои ги зборуваат најмалку 20% од населението на централно или локално ниво, кој е усвоен во август 2008 година, ја делимитираше употребата на немнозинските јазици само на овие две ниво.[25] На пример, за прв пат се предвидува дека јазиците кои ја надминуваат оваа граница можат да се употребуваат и во Собранието. Во пракса, само албанскиот јазик се зборува на национално односно централно ниво, бидејќи ниту еден друг малцински јазик не ја надминува

[24] Изготвувањето на „Македонската Енциклопедија“ финансирана од државниот буџет беше доверено на Академијата за науки и уметности во Скопје. Нејзиното објавување, на 17 септември 2009 година, по неколкугодишна работа, покрена лавина на гнев, посебно поради тоа што, но не само тоа, во книгата се доведува во прашање должината на времето од кога албанската заедница е присутна во регионот и се користи со пежоративни термини кога се обраќа кон оваа заедница. По неколкунеделни тензии, Академијата одлучи да се спречи дистрибуцијата на книгата и објави дека таа ќе биде преработена од страна на тим во кој нема да биде вклучен главниот одговорен уредник кој првично работеше на книгата.

[25] Во време на подготвувањето на овој извештај, изготвен е Национален акциски план за нејзино спроведување.

предвидената граница од 20% во национални рамки. Сепак, законот предвидува дека секој јазик различен од македонскиот кој го зборуваат најмалку 20% од населението во општината, се смета за службен јазик на локално ниво на ист начин како и македонскиот јазик. Исто така, законот предвидува надлежност на советите на општините да одлучуваат по прашањето за употреба на јазиците и писмата кои ги користат најмалку 20% од локалното население; во некои општини веќе се донесени такви одлуки (на пример, советот на општина Гостивар донесе одлука со која турскиот јазик, којшто го зборуваат околу 9% од локалното население, стана службен јазик покрај македонскиот и албанскиот). И покрај тоа, законот се критикува дека несоодветно го третира прашањето за употреба на јазиците на помалите етнички заедници.

82. Во 20007 година беше усвоена Стратегија за правична застапеност на малцинства во јавните органи и претпријатија, врз основа на што властите решија да вработат голем број на службеници од таков профил. Бројот на лица вработени во јавната администрација кои не припаѓаат на мнозинското население бавно но сигурно се зголемува; во моментов изнесува вкупно околу 20% (26% во органите на централната власт), во споредба со помалку од 18% кон крајот на 2002 година[26]. Сепак процентите варираат од еден до друг сектор и не постои стандардизиран систем за собирање на статистички податоци за целиот јавен сектор. Дотолку повеќе, подобрувањата се однесуваат првенствено на албанското малцинство; вработувањето на другите малцинства – особено на Турците и Ромите – во јавниот сектор многу малку е зголемено (на пример, се известува дека на Ромите не отпаѓа повеќе од 1% од работните места во јавниот сектор и тие примарно извршуваат мануелни работи).

83. На едно поопшто ниво, ЕКРН забележува дека малите малцинства продолжуваат да чувствуваат дека прашањето за односите помеѓу мнозинското население и албанското малцинство во толкава мера го окупира политичкиот и институционалниот живот во земјата, што остава мал простор за разгледување на нивната кауза.[27] Поради тоа, тие сè уште се сметаат за превидени или запоставени, особено ромската заедница. Сепак, ЕКРН забележува знаци на волја кај властите да се дејствува. Особено, во 2008 година, беше усвоен закон со цел да се подобри координацијата на иницијативите кои се преземаат во корист на заедниците кои се претставени со помалку од 20% од населението на државно ниво, што меѓу другото предвидува воспоставување на посебна административна агенција, чија улога се состои во советување на Владата и координирање на активностите на јавните властите во оваа област. Оваа агенција и националниот Комитет за односи меѓу заедниците,[28] како и општинските комитети за односи меѓу заедниците што се основани во околу дваесет општини може да одиграат важна улога во решавањето на овие прашања и можат да ги зајакнат односите помеѓу заедниците.

[26] Од 800 работни места во јавната администрација кои се објавени во 2009 година, 360 се дадени на етничките малцинства.

[27] Види погоре „Дискриминација во различни области“.

[28] Комитетот за односи меѓу заедниците, воспоставен во 2003 година, го замени Советот за меѓуетнички односи. Советот е надлежен да ги разгледува меѓуетничките односи во земјата, да дава мислења и да дава предлози до Собранието за решавање на овие прашања, Комитетот е составен од седум членови кои припаѓаат на мнозинското население, седум члена кои припаѓаат на албанското малцинство, пет членови кои припаѓаат на турската, ромската и влашката заедница и два члена кои припаѓаат на други заедници определи од страна на Собранието од неговите редови. Комитетот донесува одлуки со обично мнозинство гласови, кои одлуки потоа ги доставува до Собранието.

84. ЕКРН препорачува властите да ги продолжат напорите за разгледување на состојбата со другите малцинства покрај албанското малцинство и на лицата кои припаѓаат на тие малцинства да им гарантираат еднаков третман во сите области од животот.

85. Во својот трет извештај, ЕКРН изрази загриженост за ситуација во која се наоѓаат лицата со мешано етничко потекло, кои за себе сметаат дека имаат повеќекратен идентитет или пак се смета дека тие не ги поседуваат карактеристиките односно особините коишто се бараат за припадност на одредена етничка заедница. Со жалење констатира дека не се преземени последователни активности согласно со нејзината препорака дека е потребно да се спроведе истражување за одредени облици на нетолеранција на кои се изложени овие лица и дека треба да се преземаат иницијативи за прифаќање на овие лица. ЕКРН смета дека е неопходен еден таков приод, кој треба да се прошири и на другите стигматизирани групи во земјата по основ на нивната различност.

86. ЕКРН ја повторува својата препорака властите да спроведат истражување за посебните облици на нетолеранција на која се изложени лицата кои во целост не припаѓаат или не соодветствуваат на доминантите етнички категории, при што се предлага ова истражување да се прошири и на другите стигматизирани групи во земјата по основ на нивната различност и се препорачува активно да се промовира толеранцијата кон овие лица.

VI. Ранливи/целни групи

Ромите

87. Во својот трет извештај, ЕКРН изрази длабока загриженост за неподносливите улови за живот во кои се наоѓаат многу Роми, укажувајќи дека тие се изложени на кумулација на економски и општествени неповолности, кои што се влошени поради општата економска состојба, дискриминацијата и недоволното внимание на властите. ЕКРН препорача властите да преземат детално истражување на состојбата во која се наоѓаат Ромите во различни области на животот, со цел да се идентификуваат проблемите и ги поттикна да преземат соодветни мерки за нивно решавање, како и ги охрабри да изготват национална стратегија во таа смисла.

88. Како што ЕКРН споменува погоре,[29] земјата учествува, заедно со другите земји во регионот[30] во меѓународна иницијатива „Декада на вклучување на Ромите 2005-2015“, која иницијатива има за цел подобрување на економската и општествената состојба на Ромите преку спроведување на јасни, мерливи национални цели, изготвување на национални акциски планови и следење на нивната примена. Како приоритетни области на дејствување се сметаат образованието, вработувањето, здравствената заштита и домувањето. Исто така, се идентификувани три прашања кои се јавуваат во сите овие области: сиромаштијата, дискриминацијата и родовата еднаквост. Во соработка со граѓанското општество, властите изготвија Национална стратегија за Ромите и национални акциски планови, како што е споменато погоре, со кои се покриваат областите на образование, вработување, здравствена заштита и домување. Властите ја информираа ЕКРН дека во моментот се изготвуваат локални акциски планови поврзани со имплементацијата на националните акциски планови. Тие напомнаа дека многу проекти веќе се реализирани, и дека се отворени

[29] Вид погоре „Дискриминација во различни области“.

[30] Бугарија, Хрватска, Република Чешка, Унгарија, Црна Гора, Романија, Србија и Словачка.

голем број на информативни центри со цел да се олесни пристапот на Ромите до образованието и социјалните услуги, а особено до здравственото осигурување.

89. ЕКРН ја поздравува ова иницијатива. Сепак, забележува дека многу теренски набљудувачи жалаат поради фактот што досега се постигнати многу малку конкретни резултати од причина што не се обезбедени потребните финансиски средства. Всушност, општествената и економската состојба на Ромите и натаму предизвикува голема загриженост. Многу голем дел од Ромите живеат во крајна беда во споредба со останатото население, и како што забележа ЕКРН, Ромите се изложени на сериозни неповолности во областите на образование, вработување, домување и здравствено осигурување.[31] Понатаму, тие во практиката буквално не постојат на политичката сцена.

90. Состојбата на жените Ромки, кои се изложени на ризик од двојна дискриминација, предизвикува особена загриженост. Неколку документирани извори укажуваат дека неписменоста и стапката на посетеност на училиштето се многу ниски кај жените Ромки, па дури и пониски од стапките кај мажите, додека стапката на невработеност е многу висока, како и дека нивната здравствена состојба е дури полоша од просекот меѓу ромското население. Истовремено, очигледно е дека сè уште постојат присилни бракови, а склучувањето на бракови и бременоста на многу рана возраст не се ретка појава и многу ромски жени очигледно се жртви на семејно насилство. Во поглед на оваа последна точка, според невладините организации, жените кои се обраќаат за помош до властите исто така понекогаш се изложени на дискриминаторски третман од страна на социјалните работници. Конечно, политичката улога на жените Ромки е помала дури од онаа на ромската заедница земена како целина. Истовремено, ЕКРН смета дека усвојувањето во 2008 година на посебниот Национален акциски план за подобрување на состојбата на жените Ромки (понатаму и усвојувањето на Акцискиот план за родова еднаквост во 2007 година), претставуваат мошне позитивни чекори, кои заедно со усвојувањето на „оперативните планови“ за 2008, 2009 и 2010 година, се насочени кон промовирање и унапредување на интеграцијата на жените Ромки во сите сфери на општеството. ЕКРН смета дека сето ова ја покажува волјата на властите, која треба и понатаму да се охрабрува.

91. ЕКРН силно ги охрабрува властите да ги спроведуваат акциските планови кои се усвоени во контекст на учеството на земјата во иницијативата „Декада на вклучување на Ромите 2005-2015“, вклучително и на акцискиот план за подобрување на состојбата на жените Ромки, при што силно им препорачува тие да ги обезбедат потребните финансиски средства.

92. Вниманието на ЕКРН беше свртено на децата кои се оставени на улицата. Овие деца, помалку или повеќе, кои се оставени секојдневно самите да се грижат и штитат, повеќето од нив доаѓаат од ромски семејства и се наведува дека нивниот број изнесува околу илјада. Властите истакнаа дека за нив се основани три дневни прифатни центри во Скопје и дека е одлучено да се основаат уште три вакви центри во други општини. Меѓутоа, овие центри примаат деца само до доцните попладневни часови и надзорот што таму се врши не е ист со училишниот надзор. Властите нагласија дека имаат намера да ги зајакнат активностите на теренот, во соработка со родителите и невладините организации, и да преземат мерки со цел реинтегрирање на овие деца во училиштата, и општо земено, да го решат нивното маргинализирано постоење.

[31] Вид погоре „Дискриминација во различни области“.

93. ЕКРН силно им препорачува на властите одлучно да го третираат прашање за децата оставени на улицата. ЕКРН предлага властите што е мошно поскоро да спроведат истражување, во соработка со невладиниот сектор, за да се утврдат точните причини на овој проблем, а потоа да определат и да преземат мерки за третирање на корените на проблемот.

94. Во својот трет извештај, ЕКРН изрази загриженост поради поднесените извештаи дека одреден број Роми немаат лични документи (лична карта, извод од матичната книга на родените, здравствена легитимација и работничка книшка), што е еднакво на ограничување на остварувањето на нивните права во многу области на животот. ЕКРН укажува дека сето ова може да биде предизвикано, меѓу другото, поради индиректна дискриминација која произлегува од условите кои се потребни за издавање на вакви документи (како што е плаќањето на такса или условот за завршено основно образование). Од тие причини, ЕКРН препорача властите да спроведат истражување со цел да се идентификуваат проблемите со кои се соочуваат Ромите во добивањето на такви документи и без одлагање да преземат мерки за надминување на таа состојба.

95. ЕКРН сака да ја нагласи сериозноста на овој проблем. Тој може да доведе до затворање на поединецот во еден магичен круг и негово исклучување, бидејќи лицата кои немаат извод од матичната книга на родените или уверение за државјанство не можат да добијат лична карта или други документи кои се бараат за да се добие пристап до основните услуги, и според домино ефектот, децата на лицата кои немаат такви документи, честопати и самите се наоѓаат во таква ситуација. Од тие причини, ЕКРН го поздравува започнувањето во 2008 година на програмата, со учество на една меѓународна организација, невладини организации и на властите, насочена кон идентификување на случаите на лица кои de facto се без државјанство, случаите на немање на официјално уверение за државјанство и непостоење на документи кај ромското население, преку која програма се овозможи повеќе од 2.000 луѓе да се здобијат со документи кои им недостасуваа. Понатаму, како спореден ефект од можноста жените Ромки кои немаат здравствено осигурување сепак бесплатно да се породат во болница,[32] треба да доведе до зголемување на регистрираните раѓања и со тоа треба да се реши барем дел од проблемот со издавањето на изводи од матичната книга на родените. Сепак, ЕКРН забележува дека ова прашање не е целосно решено и дека истото засега одреден број лица кои припаѓаат на албанската и турската заедница.

96. ЕКРН силно им препорачува на властите да ги продолжат напорите целосно и конечно да се реши проблемот со пристап до лични документи, со кој се соочуваат не само припадниците на ромската заедница, туку исто така и припадниците на албанската и турската заедница.

97. Голем број на извори известија дека Ромите – особено мажите – се изложени на посебен ризик од расно профилирање, како и се изложени на лошо постапување или малтретирање од страна на полицијата. Во оваа смисла, ЕКРН упатува на делот од овој извештај кој се однесува на однесување на органите задолжени за спроведување на законот. (Види подолу).

[32] Вид погоре „Дискриминација во различни области“.

Турците

98. Поднесени се извештаи дека лицата кои се определуваат како Турци се соочуваат со сериозни потешкотии, особено во поглед на пристапот до вработувањето, образованието, а во некои рурални средини и до домувањето, и дека тие се дискриминирани и на други начини.

99. ЕКРН препорачува властите да спроведат истражување на состојбата во која се наоѓаат лицата кои се определуваат како Турци, со цел да се определи дали тие се жртви на дискриминација и таму каде што е потребно, да се изготват и да се спроведат мерки за решавање на ова прашање.

Верски малцинства

100. Властите истакнаа дека во земјата не постојат верски тензии. ЕКРН не го доведува во прашање ова тврдење, но сепак забележува дека, во поглед на обезбедувањето буџетски средства за местата кои служат за исповедање на верата, властите понекогаш се критикуваат дека ја фаворизираат мнозинската православна верска заедница. Исто така, ЕКРН забележува дека добила извештаи за одреден број на наводни случаи на дискриминација на верска основа, како и за изолирани случаи на оштетување на верски објекти или имот кој им припаѓа на верските заедници. Посебно, припадниците на независната Охридска православна архиепископија се жалаат дека биле изложени на следење и вознемирување поради нивната вероисповест. Случаите на оштетување за кои ЕКРН е известена се однесуваат на вандализмот на гробиштата на заедницата Бекташи во Тетово (во 2004, 2006 и 2007 година) и оштетувањето на црквата која и припаѓа на независната Охридска православна архиепископија во 2005 година и џамијата Обедник во 2007 година; постојат исто така и случаи на оштетување на еврејскиот верски имот.[33] Вниманието на ЕКРН исто така беше скренато на фактот дека одредени политички личности ги поттикнуваат верските разлики во најмала рака во нередовни интервали (а кои разлики во голема мера се совпаѓаат со етничката поделба) поради политички побуди. Дотолку повеќе, ЕКРН е загрижена за потешкотиите со кои се соочуваат одредени малцински верски групи во нивните настојувања да се регистрираат, иако регистрацијата претставува законски услов тие да бидат признати како посебни правни лица и да можат целосно да ја извршуваат своите активности. Законот беше изменет на 5 септември 2007 година во поглед на статусот на црквите, верските заедници и верските групи (кој стапи на сила на 1 мај 2008 година) со јасна цел да се разрешат овие потешкотии, но се чини дека тие не се во целост решени. Така, се чини дека барањата за регистрација поднесени од страна на околу десет верски заедници или групи, вклучително и на независната Охридска православна архиепископија и на заедницата Бекташи во Тетово, споменати погоре, сè уште не се одобрени.

101. ЕКРН силно им препорачува на властите, без одлагање, да го решат прашањето за регистрација на малцинските верски групи и заедници. Исто така, им препорачува тие да покажат будност кон сите облици на дискриминација или нетолеранција по основ на вероисповеста.

[33] Исто така беше причинета штета и на мнозинската Православна црква во 2006 и 2007 година.

Бегалци, баратели на азил и внатрешно раселени лица

102. Во својот трет извештај, ЕКРН меѓу другото препорача властите да обезбедат примена на Законот за азил, кој закон беше усвоен во јули 2003 година и во меѓувреме беше изменет, на таков начин што барателите на азил ќе уживаат највисок можен степен на заштита, што ќе рече дека на лицата кои ги исполнуваат условите ќе им биде одобрен статус на бегалци, наместо да им се даде понизок степен на заштита. Се чини дека оваа препорака не е спроведена бидејќи од статистичките податоци што ги доставија властите може да се забележи дека на многу мал број од приближно 1.100 лица баратели им е одобрен статус на бегалци според законот. Меѓутоа, сосема е обратна ситуацијата во врска со препораката на ЕКРН за стриктно почитување на начелото на неврaќање. Кон крајот на летото 2009 година, во земјата имаше околу 1.700 лица кои бараа азил и во најголем дел тоа беа лица од ромско потекло кои живееле на Косово, од кои на 25 лица им беше признат статус на бегалци, за 90 лица постапката е сè уште во тек, на околу 1.090 лица им е доделена супсидијарна или хуманитарна заштита, а барањето на околу 485 лица е одбиено. Во поглед на лицата чии барање е одбиено, властите го исполнија ветувањето да не ги вратат овие лица назад на Косово сè додека не се гарантира нивната безбедност и достоинство. ЕКРН, исто така, забележува дека властите направиле измени и дополнувања на Законот за азил и дека во моментов постојат помал број на поднесени барања, тие се подготвуваат да ги решаваат барањата за азил на лица кои доаѓаат од други региони покрај балканскиот регион. ЕКРН особено го поздравува основањето на нов прифатен центар за барателите на азил во близината на Скопје, како и изготвувањето на Стратегија за интеграција на бегалците, заедно со Национален акциски план.

103. Во време на усвојувањето на третиот извештај во земјата имаше околу 2.000 до 3.000 внатрешно раселени лица како последица на настаните во земјата во 2001 година. Претежно, тоа беа лица кои припаѓаат на мнозинското население или на српското малцинство кои не сакаа да се вратат во своите села поради безбедносни или економски причини. ЕКРН, која тогаш препорача властите да ги продолжат напорите за создавање на услови подобни за доброволно и безбедно враќање на овие лица во нивните домови, сега со големо задоволство забележува дека 95% од засегнатите лица (вкупно околу 73.200) можеа да се вратат дома. Денес, остануваат околу 700 внатрешно раселени лица, кои претежно се наоѓаат во неизвесни околности и за кои допрва треба да се изнајде трајно решение.

104. ЕКРН ги охрабрува властите да продолжат стриктно да го применуваат начелото на неврaќање и им препорачува тие да се придржуваат до нивното ветување дека нема да ги вратат назад на Косово барателите на азил сè додека нивната безбедност и достоинство не бидат гарантирани.

105. ЕКРН препорачува властите да изнајдат трајно решение за внатрешно раселените лица последователно на настаните во земјата во 2001 година, чија ситуација сè уште не е регулирана.

VII. Однесување на службените лица задолжени за спроведување на законот

106. Во својот трет извештај, ЕКРН силно им препорача на властите да преземат натамошни мерки за да се стави крај на полициското лошо постапување и малтретирање на припадниците на малцинските групи, особено укажувајќи на значењето од воспоставување на еден независен механизам за спроведување истраги поради фактот што Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи не може да се смета за таков механизам. Исто така, ЕКРН забележа дека, според добиените извештаи, жртвите не биле спремни да поднесат претставки, дека повеќето случаи на лошо постапување останале неказнети и дека во оние случаи кога била изречена казна таа била на најниско можно ниво.

107. Продолжува да се известува за случаи на малтретирање од страна на полицијата или за одредени полициски акции засновани на етнички предрасуди. Овие случаи се однесуваат на припадници на ромската заедница – во најголем дел[34] – и на припадниците на албанското малцинство.

108. ЕКРН ја поздравува одлуката на Министерството за внатрешни работи да ја распушти посебната полициска единица „Алфа“ скоро насекаде (освен во Скопје), која редовно беше обвинувана од страна на наводните жртви за потенцијални дисриминирачки случаи на малтретирање. Меѓутоа, со тоа не се решени сите проблеми. Посебно, бројни невладини набљудувачи, независно дали се локални или меѓународни, продолжуваат да посочуваат на непостоењето на независен, непристрасен и ефективен механизам за истрага на овие случаи.

109. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи („СВКПС“), кој се споменува погоре, првенствено врши надзор над полициското дејствување. Овој сектор е надлежен за утврдување на законитоста на полициското дејствување посебно од аспект на основните човекови права, понатаму одлучува дали употребата на сила била оправдана во дадениот случај и предлога дисциплински санкции за полициските службеници. Поплаки и пријави до овој сектор можат да поднесат поединци, невладини организации, Министерството за внатрешни работи и министерот. Властите истакна дека овој сектор станал поефикасен во изминатите години благодарение на зголемувањето на ресурсите што му се ставени на располагање и поради усвојувањето на акцискиот план. Сепак, невладините набљудувачи се едногласни во укажувањето дека СВКПС не овозможува соодветен, објективен, непристрасен надзор над полициското дејствување, што може да се види од фактот што многу ретко одлучува во корист на подносителот на поплаката.[35] Од оваа гледна точка, неговото вклучување во рамки на Министерството за внатрешни работи е предмет на голема критика. Исто така, секторот се критикува поради бавното спроведување на истраги, поради тоа што воопшто не соработува со другите институции, особено со

[34] Невладините извори проценуваат дека во 2008 година, 18% од жртвите наводно биле од ромско потекло.

[35] На пример, меѓу случаите кои се разгледани во период од ноември 2007 година и ноември 2008 година, СВКПС одлучи дека во 76% случаи биле неосновани и дека 3% случаи биле недокажани. Дотолку повеќе, во својот годишен извештај за 2008 година, Народниот правобранител посочил дека во најголем број на случаи што тој ги испитал врз основа на поднесените барања, СВКПС ги засновал своите одлуки на изјави на засегнатите полициски службеници, без при тоа да спроведе целосна истрага со собирање на други материјални докази и земање искази од жртвите и сведоците.

Народниот правобранител, поради тоа што не дава образложение на своите одлуки и наводи за законитост на побиваното полициско дејствување, поради тенденцијата да изрекува, во случаите кога изрекува казна, само благи казни, поради неизвестувањето на подносителот на поплаките за мерките кои се преземени и поради неупатувањето на сериозните случаи на малтретирање до јавното обвинителство.

110. Во случај кога станува збор за кривично дело, жртвата на полициското малтретирање може да поднесе кривична пријава до полицијата или до јавното обвинителство. Меѓутоа, јавното обвинителство е должно по службена должност да поднесе барање за спроведување на истрага само за тешките кривични дела; во случај доколку оцени дека не постојат причина за покренување на обвинение, за тоа ќе го извести подносителот на кривичната пријава и истовремено ќе го извести за можноста тој да ја продолжи постапката како „супсидијарен тужител“. Обвинителството се критикува дека при утврдување на фактите за случајот премногу се потпира на Министерството за внатрешни работи, и слично како и СВКПС и судовите, тоа се обвинува дека нема доволно енергија да преземе акција против полицијата – тој недостиг на енергија некои сметаат дека е резултат на „espirit de corps“ и понекогаш е резултат на политичкото мешање – дури и во случаи кога станува збор за тешки и видливи повреди на жртвата (значи за дела кои повлекуваат гонење по службена должност). Се известува дека јавното обвинителство не покренало истрага за многу дела на мачење и малтретирање од страна на властите и, поради својата инертност, жртвите биле доведени во ситуација кривичниот прогон да застари пред тие да имаат можност да го остварат своето право да ја продолжат постапката во својство на приватен тужител. Понатаму, прво, според одредени невладини организации, Министерството за внатрешни работи понекогаш одговарало на поплаките против полицијата со тоа што покренувало кривична постапка против подносителот на поплаката за лажно обвинување или за несоодветно однесување кон службено лице во извршување на неговите должности, и второ. како што беше посочено од страна на Народниот правобранител, постапките против полициските службеници се мошне бавни.

111. Исто така, жртвите на полициско лошо постапување можат да се обрат до Народниот правобранител кој, како што беше споменато погоре,[36] може да испита дали нивните права се повредени и меѓу другото може да бара од надлежните органи да изречат дисциплинска санкција спрема службеникот кој лошо постапувал или може да се обрати до јавниот обвинител со барање да се покрене кривична постапка. Меѓутоа, Народниот правобранител не може да донесе задолжителни одлуки и самиот признава дека во вакви случаи се сочува со недостаток на соработка со Министерството за внатрешни работи. Исто така, постои и собраниска Комисија за испитување и заштита на човековите права и основни слободи, до која граѓаните можат теоретски да поднесат претставка за наводно полициско малтретирање. Оваа комисија е надлежна да одлучува дали тие права и слободи се повредени и воедно може да покрене постапка за оценување на одговорноста на засегнатиот службеник. Сепак се смета дека оваа комисија не е делотворен механизам за испитување на индивидуалните претставки поради непостоењето на јасно дефинирани процедурални правила и поради недостатокот на потребни човечки и материјални ресурси. Понатаму, нејзиниот во суштина политички карактер не може да се смета за компатибилен со непристрасноста која се бара на овој план.

[36]Види погоре дел „Постоење и спроведување на законските одредби – анти-дискриминаторни тела““.

112. Понатаму, мора да се споменат и извештаите на претставници на граѓанското општество дека јавноста нема доверба во сегашните механизми за истрага. Како што ЕКРН веќе имаше прилика да посочи, делотворноста на еден ваков систем зависи од довербата на жртвите на полициското лошо постапување, а таквата доверба е од клучно значење во случаите кога полициското однесување има расистичка или дискриминаторска природа.

113. ЕКРН препорачува властите да посветат посебно внимание на инцидентите на полициско лошо постапување и малтретирање кое потенцијално се заснова на етнички предрасуди; ги охрабрува да ги продолжат напорите за ставање крај на таквите инциденти и повторно препорачува властите да воспостават целосно независен, непристрасен и делотворен механизам за истрага и испитување на поплаките против полицијата.

114. ЕКРН ги поттикнува властите јавно и недвосмислено да ги осудат сите облици на расистичко однесување или дискриминација од страна на припадниците на полицијата и да гарантираат дека таквите дела нема да останат неказнети.

115. Во својот трет извештај, ЕКРН забележа дека, по потпишување на Охридскиот рамковен договор, вложени се значителни напори за подобрување на односите помеѓу полицијата и малцинските групи, особено преку регрутирање и вработување на голем број на полициски службеници од малцинските заедници и обезбедување на нивна обука за човековите права. ЕКРН со задоволство забележува дека, како што препорача, властите продолжија со овие мерки.

116. ЕКРН забележува дека бројката на полициски службеници кои не припаѓаат на мнозинското население навистина постојано се зголемува. Според статистичките податоци доставени од страна на властите, овој број изнесуваше околу 23% во јануари 2009 година (околу 20% за сите вработени во Министерството за внатрешни работи), во споредба со околу 20% во декември 2003 година (16% од сите вработени во тоа министерство). Тоа секако првенствено се однесува на лицата кои себеси се идентификуваат како припадници на албанската заедница,[37] додека Ромите, на пример, во голема мера остануваат незастапени.[38] Сепак властите истакнаа дека сакаат да продолжат да го зголемуваат бројот на вработени лица кои припаѓаат на заедниците кои се помалку застапени меѓу редовите на службените лица кои се задолжени за спроведување на законот. Посебно, тие ги охрабруваат младите Роми да ја изберат оваа професија. ЕКРН понатаму забележува дека полицискиот Кодекс на етика, усвоен од страна на Министерство за внатрешни работи во 2004 година, посебно предвидува дека полициските службеници ќе ги извршуваат своите должности во согласност со принципите на непристрасност и еднаквост на граѓаните (член 42), со должно почитување на нивните основни човекови права (член 45) и дека мора да пружат поддршка и помош која им е потребна на жртвите на кривични дела, независно до нивната раса, пол, вероисповест или етничко потекло (член 58). Законот за полиција, чија интенција е да обезбеди целосна усогласеност со европските стандарди во поглед на овие прашања, исто така влезе во сила во 2007 година. Обуката за полицијата претставува должност и спаѓа

[37] Околу 18,60% од припадниците на полицијата во јануари 2009 година и околу 15,90% од вкупниот број на вработени во Министерството за внатрешни работи.

[38] Околу 0,80% од припадниците на полицијата во јануари 2009 година, и околу 0,65% вкупниот број на вработени во Министерството за внатрешни работи.

во надлежност и се спроведува од страна на Центарот за обука на полицијата, кој е основан во 2008 година кога Полициската академија беше поделена. Како што се предвидува во Кодексот на етика (член 26), голем дел од почетната обука се фокусира на човековите права и основните слободи и на борбата против расизмот и ксенофобијата. Истото се однесува и на континуирана обука наменета за постоечките полициски службеници, која се организира во зависност од идентификуваните потреби. Во 2006 година, во соработка, меѓу другите, со ОБСЕ, вкупно 4.150 полициски службеници или 47,5% од вкупните полициски сили се здобија со обука за човековите права, која беше насловена како „Полицијата и човековите права“. Властите исто така истакнаа дека е одржана еднонеделна обука во врска со почитувањето на човековите права од страна на полицијата во март 2009 година за сите припадници на гореспоменатата единица „Алфа“ лоцирана во Скопје.

117. ЕКРН ги охрабрува властите да ги продолжат напорите за подобрување на односите помеѓу полицијата и малцинските групи.

118. Упатувајќи ги властите на својата Општа препорака Бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, ЕКРН препорачува тие да го продолжат процесот на регрутирање и вработување на припадници на недоволно застапените малцински групи во полицијата. Исто така, препорачува во Законот и во Кодексот за етика да се вклучи забрана за расно профилирање и пошироко земено, укажување дека полицијата ќе промовира еднаквост и ќе ја спречува дискриминацијата во извршувањето на своите должности и тоа како во поглед на осомничениот, така и во поглед на жртвата. Конечно, ЕКРН препорачува властите да ги фокусираат почетната и континуираната обука наменети за полицијата на прашањата поврзани со полицијата во мултиетничкото општество.

VIII. Следење на расизмот и расната дискриминација, подигање на свеста и образованието за основните човекови права и толеранцијата и соработката со невладиниот сектор

Следење на расизмот и расната дискриминација

119. ЕКРН забележува дека, иако се собираат податоци за етничкото потекло на службениците во јавната администрација, сепак сè уште не постои систем на собирање на статистички податоци кој ќе овозможи оценка на учеството на малцинствата во јавниот живот и оценка на економските и општествените услови во кои тие живеат, а особено во поглед на нивниот пристап до вработувањето, здравственото осигурување, образованието и домувањето.

120. ЕКРН ја повторува својата препорака властите да воспостават сеопфатен и конзистентен систем за собирање на податоци, на кој начин ќе може да се оцени состојбата на различните малцински групи во различни области од животот и ќе може да се определи степенот на манифестација односно изразување на расизмот и на директната и индиректната дискриминација. Во таа смисла, ЕКРН препорачува властите да предвидат дека при собирањето на податоци тие ќе бидат категоризирани според неколку категории, како што се етничкото или националното потекло, вероисповеста, јазикот или националноста со што ќе се идентификуваат манифестациите на дискриминацијата, на кој начин ќе се обезбеди систематско прибирање на податоци во согласност со начелата на доверливост, давање на согласност врз основа на претходна информираност и доброволно определување на поединецот како припадник на одредена група. Овој систем треба да се изготви во тесна

соработка со сите засегнати субјекти, вклучително и со организациите од граѓанското општество. Исто така, треба да се имаат во предвид и потенцијалните случаи на постоење на двојна или повеќекратна дискриминација.

Подигање на свеста и образованието за основните права и толеранцијата и соработката со невладиниот сектор

121. Како што е наведено во трет извештај, содржините поврзани со човековите права и демократските вредности претставуваат дел од наставните планови за основните и средните училишта, и почнувајќи од учебната 2002/2003 година, граѓанското образование во основните училишта опфаќа теми за различноста и за борбата против дискриминација (7 одделение), како и теми за мирот и толеранцијата (8 одделение). Во средното образование, наставниот план по предметот социологија опфаќа теми како што се правата и слободите и граѓанските вредности. Во 2005 година, исто така земјата го усвои Акцискиот план на Обединете нации за спроведување на Светската програма за образование за човековите права и очигледно е дека веќе се работи на изготвување на Национален акциски план за образование за човековите права. Исто така, очигледно е дека се размислува во курсевите за обука на наставниците да бидат вклучени и модули за значењето и потребата за борба против дискриминацијата.

122. ЕКРН силно ги охрабрува властите да продолжат да го интегрираат граѓанското образование во сите нивоа на образованиот систем, понатаму да се развива настава за теми поврзани со човековите права, толеранцијата и почитувањето на разликите, како и да ги унапредуваат напорите за обука на наставниците за овие теми и предмети.

123. За време на посетата, во повеќе наврати вниманието на ЕКРН беше свртено кон ниската свест на широката јавноста за прашањата на нетолеранција и дискриминација. Властите ја споменаа кампањата за подигање на свеста на јавноста насловена како „Унапредување на почитувањето и толеранцијата меѓу населението“ која се спроведуваше во медиумите во текот на 2008 година, со емитување на видео клип на телевизијата во периодот помеѓу 3 и 23 ноември 2008 и 30 декември 2008 и 9 јануари 2009 година. Претставниците на граѓанското општество, со кои се сретна делегацијата за време на постата, известија дека оваа иницијатива поминала незабележано и дека сè уште се потребни мерки за подигање на свеста на јавноста. Дотолку повеќе што во светло на наоѓањата на ЕКРН во овој извештај, би било корисно доколку се изготви и се имплементира национална стратегија за борба против расизмот и нетолеранцијата.

124. ЕКРН препорачува властите да изготват и да имплементираат, во тесна соработка со граѓанското општество, национална стратегија за борба против расизмот и нетолеранцијата на догорчен план, која ќе вклучува трајни и општи информативни кампањи за подигање на свеста..

125. Конечно, ЕКРН забележува дека многу невладини организации вклучени во борбата против нетолеранцијата, зачувувањето на основните човекови права и/или заштитата на интересите на малцинските групи сметаат дека тие немаат достаточна улога во процесот на донесување на одлуки во оваа сфера. Меѓутоа, ЕКРН забележува дека властите би сакале да ги инволвираат невладините организации повеќе и на властите им укажува на потребата и значењето на овие организации да им се обезбеди трајна

поддршка така што тие да имаат стабилни финансиски средства со кои би можеле да ги извршуваат своите активности.

126. ЕКРН ги охрабрува властите да ја унапредат соработката со невладините организации кои делуваат на планот на борба против нетолеранцијата, заштитата на човековите права и/или заштитата на интересите на малцинските групи и препорачува да им дадат трајна поддршка така што тие ќе имаат стабилни финансиски извори потребни за извршување на нивните активности.

ПРЕОДНИ ПРЕПОРАКИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Трите посебни препораки за кои ЕКР бара нивно приоритетна имплементација односно приоритетно спроведување од страна на властите на „поранешната југословенска Република Македонија се следниве:

- ЕКРН ги охрабрува властите да го продолжат законодавниот процес кој е во тек со цел да се усвои сеопфатен закон за заштита од дискриминацијата, кој ќе им обезбеди на жртвите највисок степен на заштита и во оваа смисла силно препорачува да се има во предвид нејзината Општа препорака Бр. 7 за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација и нејзината Општа препорака Бр. 2 за специјализираните тела за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на национално ниво.

- ЕКРН ги поттикнува властите да стават крај на практиката на несоодветно испраќање на ромските деца во образовни институции за ученици со пречки во развојот, да ги идентификуваат засегнатите деца и нив повторно да ги интегрираат во главните токови на образованието и да воведат систем кој ќе гарантира дека исклучиво деца кои имаат ментални пречки ќе се воведат во специјалниот образовен сектор.

- ЕКРН препорачува властите да изготват и да спроведуваат, во тесна соработка со граѓанското општество, национална стратегија за борба против расизмот и нетолеранцијата на долгорочен план, во која ќе бидат вклучени и далекосежни кампањи за информирање и јакнење на свеста на јавноста.

Во однос на овие три препораки, ЕКРН ќе спроведе процес на преодно следење во рок не подолг од две години од денот на објавување на овој извештај.

БИБЛИОГРАФИЈА

Во библиографијата се наброени најзначајните објавени извори кои беа користени при испитување на ситуацијата во „поранешната југословенска Република Македонија"": При тоа, оваа листа не треба да се смета за листа која е конечна во однос на сите извори на информации кои беа достапни и ги користеше ЕКРН при изготвување на извештајот.

European Commission against Racism and Intolerance (ECRI)

1. Third report on "the former Yugoslav Republic of Macedonia", 15 February 2005, CRI(2005)1
2. Second report on "the former Yugoslav Republic of Macedonia", 3 April 2001, CRI(2001)3
3. Report on "the former Yugoslav Republic of Macedonia", March 1999, CRI(99)7
4. General Policy Recommendation No. 1: Combating racism, xenophobia, antisemitism and intolerance, October 1996, CRI(96)43
5. General Policy Recommendation No. 2: Specialised bodies to combat racism, xenophobia, antisemitism and intolerance at national level, June 1997, CRI(97)36
6. General Policy Recommendation No. 3: Combating racism and intolerance against Roma/Gypsies, March 1998, CRI(98)29
7. General Policy Recommendation No. 4: National surveys on the experience and perception of discrimination and racism from the point of view of potential victims, March 1998, CRI(98)30
8. General Policy Recommendation No. 5: Combating intolerance and discrimination against Muslims, March 2000, CRI(2000)21
9. General Policy Recommendation No. 6: Combating the dissemination of racist, xenophobic and antisemitic material via the Internet, December 2000, CRI(2001)1
10. General Policy Recommendation No. 7: National legislation to combat racism and racial discrimination, December 2002, CRI(2003)8
11. General Policy Recommendation No. 8: Combating racism while fighting terrorism, March 2004, CRI(2004)26
12. General Policy Recommendation No. 9: The fight against antisemitism, June 2004, CRI(2004)37
13. General Policy Recommendation No. 10: Combating racism and racial discrimination in and through school education, December 2006, CRI(2007)6
14. General Policy Recommendation No. 11: Combating racism and racial discrimination in policing, June 2007, CRI(2007)39
15. General Policy Recommendation No. 12: Combating racism and racial discrimination in the field of sport, December 2009, CRI(2008)48

Other sources

16. Médiateur de la République : Rapport annuel 2008
17. State Statistical Office, Multiple Indicator Cluster Survey 2005-2006
18. Assemblée Parlementaire du Conseil de l'Europe, Commission de suivi: Dialogue de post-suivi avec "l'ex-République yougoslave de Macédoine", 20 novembre 2008, AS/Mon (2008)31rev.
19. Commissaire aux Droits de l'Homme du Conseil de l'Europe : Rapport sur sa visite dans « l'ex-République yougoslave de Macédoine », 11 septembre 2008, CommDH(2008)21
20. European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment: Report to the Government of "the former Yugoslav Republic of Macedonia" on the visit to "the former Yugoslav Republic of Macedonia" carried out from 30 June to 3 July 2008, CPT/Inf(2008)31, 4 November 2008

21. Comité consultative de la Convention-cadre pour la protection des minorités nationales : “l’ex-République yougoslave de Macédoine”, deuxième avis, adopté le 23 février 2007, ACFC/OP/II(2007)002

22. Second Report submitted by “the former Yugoslav Republic of Macedonia” pursuant to Article 25 § 1 of the Framework Convention for the Protection of National Minorities, 16 June 2006, ACFC/SR/II(2006)004

23. Commentaires du gouvernement de “l’ex-République yougoslave de Macédoine” sur le deuxième avis du comité consultatif sur la mise en œuvre de la convention-cadre pour la protection des minorités nationales, 9 juillet 2008, GVT/COM/II(2007)002

24. Commission européenne pour la démocratie par le droit : avis sur le projet de loi sur la protection contre la discrimination de « l’ex-République yougoslave de Macédoine », 19 décembre 2008, CDL-AD(2008)042

25. Comité pour l’élimination de la discrimination raciale: Observations finales du comité pour l’élimination de la discrimination raciale, 10 juillet 2007, CERD/C/MKD/CO/7

26. Comité pour l’élimination de la discrimination raciale: Examen des rapports, observations et renseignements présentés par les Etats parties conformément à l’article 9 de la Convention, 26 mars 2007, CERD/C/SR.1799

27. Comité pour l’élimination de la discrimination raciale: Examen des rapports, observations et renseignements présentés par les Etats parties conformément à l’article 9 de la Convention, septième rapport périodique des Etats parties, additif, “ex-République yougoslave de Macédoine”, 23 octobre 2006, CERD/C/MKD/7

28. Comité contre la torture : Examen des rapports présentés par les Etats parties en application de l’article 19 de la Convention, conclusions et recommandation, “ex-République yougoslave de Macédoine”, 21 mai 2008, CAT/C/MKD/CO/2

29. Comité des Droits économiques, sociaux et culturels : Examen des rapports présentés par les Etas parties conformément aux articles 16 et 17 du pacte, Observations finales, “ex-République yougoslave de Macédoine”, 15 janvier 2008, E/C.12/MKD/CO/1

30. Comité des Droits de l’Homme : Examen des rapports présentés par les Etats parties en vertu de l’article 40 du pacte, observations finales, “ex-République yougoslave de Macédoine”, 17 avril 2008, CCPR/C/MKD/CO/2

31. Comité des Droits de l’Homme : Examen des rapports présentés par les Etats parties en vertu de l’article 40 du pacte, deuxième rapport périodique, “ex-République yougoslave de Macédoine”, 12 février 2007, CCPR/C/MKD/ 2

32. Conseil des Droits de l’Homme : Rapport national présenté conformément au paragraphe 15a) de l’annexe à la résolution 5/1 du Conseil des droits de l’Homme, « ex-République Yougoslave de Macédoine », 23 février 2009, A/HRC/WG.6/5/MKD/1

33. Conseil des Droits de l’Homme : Résumé établie par le Haut-commissariat aux Droits de l’Homme, conformément au paragraphe 15b) de l’annexe à la résolution 5/1 du Conseil des Droits de l’Homme, “ex-République Yougoslave de Macédoine”, 20 février 2009, A/HRC/WG.6/5/MKD/3

34. Conseil des Droits de l’Homme : Compilation établie par le Haut-commissariat aux Droits de l’Homme, conformément au paragraphe 15b) de l’annexe à la résolution 5/1 du Conseil des Droits de l’Homme, “ex-République Yougoslave de Macédoine”, 11 mars 2009, A/HRC/WG.6/5/MKD/2

35. Conseil des Droits de l’Homme : Examen périodique universel, rapport du groupe de travail sur l’examen périodique universel, ex-République yougoslave de Macédoine, 5 juin 2009, A/HRC/12/15

36. United Nations Children's Fund: Breaking the Cycle of Exclusion, Roma Children in South East Europe, 2007; Child-Friendly Schools – a Situation for FYR Macedonia, August 15, 2007; Children in FYR Macedonia, a situation analysis, February 2008; Developing Child-Friendly Schools in the Former Yugoslav Republic of Macedonia: a Case Study, 22 December 2008

37. United Nations Development Programme: National Vulnerability Report for Macedonia, Focus on Roma, December 2006; People Centered Analyses, Report, March 2008

38. United Nations Special Rapporteur on Freedom of Religion or Belief, Press Statement, Skopje, 29 April 2009

39. Organization for Security and Co-operation in Europe: Hate Crimes in the OSCE Region - Incidents and Responses, Annual Report for 2007, October 2008

40. Organization for Security and Co-operation in Europe: Recommendations on promoting Integration through Education, 25 January 2008

41. Organization for Security and Co-operation in Europe: Comments on Provisions Relating to hate Crimes in the Draft Criminal Code, 23 April 2009

42. Organization for Security and Co-operation in Europe: Implementation of the Action Plan on Improving the Situation of Roma and Sinti within the OSCE Area, Status Report 2008

43. Commission of the European Communities: Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, Enlargement Strategy and main Challenges 2009-2010, COM(2009)533

44. Commission of the European Communities: The former Yugoslav Republic of Macedonia, Commission staff working document, 2008 Progress Report (SEC(2008)2695) and 2009 Progress Report (SEC(2009)1335)

45. Amnesty international: Rapports annuels sur "l'ex-République yougoslave de Macédoine" ; Submission to the UN Universal Periodic Review, May 2009; Little by Little we Women have learned our Rights": the Macedonian Government's Failure to uphold the Rights of Romani Women and Girls, December 2007

46. Civil Society Research Center, Skopje: Implementation of the UN Convention against Torture, Shadow Report, May 2008

47. Decade of Roma Inclusion 2005-2015: Institutional Setup, Report, SONCE June 2009

48. Decade Watch: Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion, 2005-2006, and 2007 update European Center for Minority Issues: Analyses of the Educational Sector and Recommendations, Policy Dialogue Initiative, Education Working Group (March/November 2004); Roms on Integration: Analyses and Recommendation, 2005; Roms on Integration II: Analyses and Recommendation, 2007

49. European Roma Rights Centre: Written Comments Concerning the Republic of Macedonia for Consideration by the United Nations Human Rights Committee at its 92nd Session, 2008

50. Expert Working Group for Development of a Mechanism for External Oversight of the Law-Enforcement Bodies: Proposed Mechanism for Enhancement of the System for External Control of the Law-Enforcement Bodies, December 2007

51. Foundation Open Society Institute – Macedonia, research project: "How inclusive is the Macedonian Society", 2009

52. Foundation Open Society Institute & Macedonian Centre for European Training: The Government should work 24/7 on the EU Agenda, First Quarterly Accession Watch Report, April 2009

53. Helsinki Committee for Human Rights of the Republic of Macedonia: Annual Reports

54. Human Rights Support Project: Legal analysis 2006; The Police and the Human Rights, annual report 2007; Access to Justice, Report on the Protection of Human Rights in Cases of Police Abuse and Torture, November 2008

55. Institute on Religion and Public Policy Expert Committee: Analysis of the New Law on the Legal Status of a Church, Religious Community, and a Religious Group, 24 September 2008

56. Internal Displacement Monitoring Centre, Norwegian Refugee council: Protracted internal displacement in Europe, Current Trends and Ways forward, May 2009

57. Minority Rights Group International: Pushing for Change? South East Europe's Minorities in the EU Progress Reports, Report 2008

58. US Department of State: Annual Country reports on Human Rights Practices; International Religious Freedom annual Reports